Библиски лекции



# Поуки од книгата Делата на апостолите (1)

Година 97. Број 2
**Април - Јуни 2021**

# СОДРЖИНА


1. Порака за народот 5

2. Садови корисни за домаќинот 10

3. Сила на Педесетница 15

4. Радоста на покајанието 20

5. Плашете се само од Бога 26

6. Вистинска несебичност 31

7. Дарот на храброст 36

8. Постигнување на поголема ефикасност 41

9. Напред кон Самарија 46

10.Савловото предавање 52

11. Надеж за оние „во светот“ 57

12. Одбрана на Божјата вистина 62

13. Да излеземе од нашата комфорна зона 67


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA

За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk

Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).

Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCVII Број 2


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

Во следните шест месеци, учениците на Саботната школа ширум светот ќе бидат издигнати и поттикнати на работа со помош на Божјата реч во проучување на Лекциите од книгата Делата на апостолите.

Она што започна како големо разочарување за христијанските верници по распетието на нивниот Господ, доживеало драстична промена. „По смртта на нивниот Господ (Христовите ученици) биле беспомошни, разочарани, една обесхрабрена група – како овци без пастир; но сега тие излегуваат како сведоци на вистината, без оружје, туку со словото и Духот Божји, за да извојуваат победа над секое противење“. – *Сведоштво за проповедници, 66,67.*

Потребна ни е подлабока побожност и искрена смерност на Големиот Учител. Бев поучена... дека целата книга Делата на апостолите претставува наш учебник. Сите ние треба длабоко да ги понизиме нашите срца и да се обратуваме секој ден.“ *– The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1055.*

„Ревноста за Бога ги натерала учениците да сведочат за вистината со голема сила. Не треба ли истата ревност да ги запали и нашите срца со одлучност да ја раскажеме приказната за откупителната љубов, за Христос и Неговото распнување?“ *– 8. Сведоштво, 22.*

„Морална темнина ја покрива земјата како мртовечки покрив. Секакви лажни учења, ереси и измами на сатаната ги заведуваат умовите на луѓето. Сите наши напори за ширење на вистината ќе бидат напразни без Духот и Божјата сила.

Размислувајќи за Христа, покажувајќи вера во Него, искусувајќи ја врз себе Неговата спасоносна благодат, ќе бидеме во состојба да го претставиме Него на светот. Ако сме учеле од Исус, за Него и ќе зборуваме. Неговата љубов која ќе гори на олтарот на нашето срце ќе допре до срцата на луѓето. Вистината нема да се прикажува како студена и безживотна теорија, туку во демонстрација на Духот“. *– 5. Сведоштво, 158.*

„Со изминувањето на времето во никој случај не се изменило ветувањето што го дал Христос при своето заминување - дека Светиот Дух ќе биде пратен како Негов претставник. Ако изобилството на божествената милост не се излева врз луѓето, тоа не доаѓа оттаму што Тој тоа на некој начин го ограничува или го задржува. Ако исполнувањето на Неговите ветувања не се гледа во онаа мера во која би можело да биде, тоа значи дека тие не се ценат онака како што би требало“. *– Делата на апостолите, 50.*

„Мерката на Светиот Дух што ќе ја примаме ќе биде пропорционална со мерката на нашата желба и верата со која тоа го примаме, како и мерката во која ќе ја употребиме светлината и знаењето што ќе ни бидат дадени. Светиот Дух ќе ни биде доверен во согласност со нашиот капацитет за примање и нашата способност да им го пренесуваме на другите“. - *The Review and Herald, May 5, 1896.*

„Светот кој пропаѓа во грев, треба да се просветли. Изгубениот бисер треба да се пронајде. Изгубената овца треба безбедно да се врати во трлото. Кој ќе се вклучи во потрагата? Кој ќе им ја однесе светлината на оние што талкаат во темнината на заблудата?“ - *The Review and Herald, July 23, 1895.*

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

Сабота, 3. април 2021.

## Дар во првата сабота за шпанска песнарка



Драги браќа, сестри и пријатели ширум светот: Музиката се родила во Божјото срце со цел да биде место за средби помеѓу Создателот и созданието – момент на заедништво, во кој создадените суштества ќе можат да го да го изразат своето восхитување и да му се поклонат на големиот Создател. Псалмистот изјавува: „Пејте Му на Господ, благословувајте го името Негово, благовестете го од ден на ден спасението од Него; разгласувајте ја меѓу народите славата Негова, и на сите народи - чудесата Негови... Воздајте Му на Господ, племиња народни, воздајте Му на Господ слава и чест; воздајте Му на Господ слава на името Негово, принесете жртви и влезете во Неговите дворови; поклонете Му се на Господ во светите дворови Негови. Да затрепери пред лицето Негово целата Земја!“ (Псалм 92:2,3,7-9).

„Музиката е составен дел на Божјата служба на небото и ние мораме да настојуваме во нашите пофални песни колку што е можно повеќе да се приближиме до хармонијата на небесните хорови... Пеењето, како дел на богослужението, е исто толку важно колку и самата молитва“ – *Патријарси и пророци, 594.*

Музиката може да го олесни учењето и „тоа е едно од најефикасните средства за втиснување на духовните вистини во срцето“ - *The Faith I Live By, p. 273.*

Имајќи ја во предвид важноста на добрата музика во контекст на богослужбата, образованието и евангелизацијата, ние на семејството на Реформното Движење му ја презентираме нашата итна потреба да ја имаме нашата прва официјална песнарка на шпански јазик. Во дваесет и една земја, шпанскиот јазик е официјален јазик и се проценува дека помеѓу 527-580 милиони луѓе ширум светот зборуваат шпански, од кои на повеќето од нив тоа им е мајчин јазик.

Процесот на подготовка на оваа песнарка на шпански јазик вклучува исцрпна преведувачка работа, правни проблеми со авторските права, техничка работа за преуредување на песните, транскрипција во нови тоналитети, вметнување белешки во соодветни партитури и нивно уредување во софтверот.

Бидејќи овој потфат е прилично скап, ние љубезно ги повикуваме сите ученици на Саботната школа да ни помогнат во овој проект, за наскоро да можеме да имаме официјална песнарка соодветна за богослужба на нашиот Бог.

Се молиме Господ богато да ве награди за доброволните дарови за оваа работа, и однапред ви благодариме за поддршката и дарежливиот придонес.

.

***Вашите браќа и сестри јужноамериканскиот регион***

# Порака за народот

**„А остатокот од Јаков меѓу многуте народи ќе биде како роса од Господ, како ситен дожд по трева. Тој нема да зависи од човек и нема да се потпира на смртници” (Михеј 5:7).**

„Срцето кое е во хармонија со Бога има удел во небесниот мир, а неговото благословено влијание се шири на сите страни. Духот на мирот почива како роса на срцата кои се уморни и измачени од земните судири“. – *Мисли од горета на блаженството, 28.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: 6. Сведоштво 9-22.*

Недела 28. март

## 1. ПОВИКАНИ ДА БИДЕМЕ БЛАГОСЛОВ

**а. Каков отсекогаш бил Божјиот план за малкумината што ќе Го прифатат? Михеј 5:7.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Бог го избрал Израел. Тој го повикал за да го сочува меѓу луѓето знаењето за Својот закон и симболите и пророштвата што укажувале на Спасителот. Тој посакувал тие да бидат извор на спасение за светот. Она што бил Авраам за земјата во која престојувал, она што бил Јосиф за Египет, а Даниел за вавилонскиот двор, тоа требало да биде еврејскиот народ меѓу народите. Тие требало да им го откријат Бога на луѓето“. – *Копнежот на вековите, 27.*

**б. Како Христос го опишал начинот на кој еврејската нација не успеала да го спроведе Неговиот план - и какво предупредување треба да извлечеме од тоа? Лука 20:9-18.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Треба да внимаваме да не ја доживееме истата судбината како и древниот Израел. Историјата на нивната непослушност и пропаст е запишана за наша поука, да не ги повторуваме нивните постапки“. – *The Review and Herald, July 10, 1900.*

## 2. ОСОБИНИТЕ НА ИЗБРАНИТЕ

**а. Што треба да научиме во врска со конкретните замки на кои древниот Израел бил особено изложен? Изреки 11:2; 29:23.**

___

„Кога идолопоклониците се дигнале да ја уништат вистината, Господ ги довел Своите слуги пред лицето на царевите и владетелите, со цел тие и нивниот народ да ја примат светлината. Многупати, најголемите владетели биле доведени во ситуација да ја прогласат врховната надмоќ на Бога, Кого го обожавале нивните еврејски робови.

Со вавилонското ропство Израелците биле ефикасно лекувани од обожавање на киповите. Во текот на следните векови тие страдале поради угнетувањата од страна на незнабожечките непријатели, така што стекнале цврсто уверување дека нивниот напредок зависи од нивната послушност на Божјиот закон. Меѓутоа, кај многумина од нив послушноста не произлегувала од љубов. Нивните побуди биле себични. Тие му служеле на Бога само со надворешни знаци, како средства за постигнување на национална големина. Тие не станале светлина на светот, туку се оддалечувале од светот, за да не паднат во искушение да станат идолопоклоници. Во упатствата дадени преку Мојсеј, Бог ги одредил ограничувањата во поглед на нивното дружење со идолопоклониците, но тоа учење било погрешно протолкувано. Неговата цел била да ги спречи да не се прилагодат на обичаите на незнабошците. Меѓутоа, тоа било употребено за да се подигне ѕид кој го одвојува Израел од сите други народи. Евреите гледале на Ерусалим како на свое небо и всушност тие биле љубоморни што Господ сакал да ја искажува Својата милост и кон незнабошците“. – *Копнежот на вековите, 28,29.*

**б. Опишете ги понизноста и достоинството на духот, потребни за прифаќање на Божјиот повик. Матеј 11:28-30.**

„Еврејските водачи сметале дека се премногу мудри за да им бидат потребни какви било совети; премногу праведни за да им се понуди спасение и премногу славни за да ја прифатат онаа слава што доаѓала од Христа. Спасителот ги напуштил нив за да им ги довери на други предимствата што тие ги злоупотребиле и делото што тие не знаеле да го ценат. Божјата слава морала да се открие и неговите зборови да се исполнат. Во светот морало да се воспостави Христовото царство. Божјото спасение морало да се објави во сите градови. Затоа Исус повикал и од¬брал дванаесет ученици да го извршат делото кое еврејските водачи не го извршиле“. – *Делата на апостолите, 16.*

## 3. ЈАСНА ЗАДАЧА

### а. Која е целта на Божјите деца на оваа земја и од каде почнуваме да ја оствaруваме? Матеј 5:14-16.

___

___

„Учениците требало да го започнат своето дело таму каде што се наоѓале. Не смееле да го заобиколат најтешкото поле, кое најмалку ветувало. Така, секој Христов работник треба да започне таму каде што се наоѓа. Во нашето семејство можеби има души кои се жедни за сочувство, души кои гладуваат за лебот на животот. Можеби има деца кои треба да се воспитаат за Христа. Постојат незнабошци покрај нашите порти. Да ја извршиме верно задачата која ни е најблиска. Потоа нашите напори треба да се прошируваат онолку далеку колку што нè води Божјата рака. Делото на многумина можеби изгледа ограничено од постоечките околности, но каде и да е, ако се врши верно и ревносно, влијанието на таквото дело ќе се почувствува и во најоддалечените краеви на светот“. – *Копнежот на вековите, 822.*

### б. Што треба да нè тргне за да ги преиспитаме своите мотиви и приоритети во животот? 1. Коринтјаните 9:16; 2. Коринтјаните 10:16-18.

___

„Меѓутоа, не смееме да ја изгубиме од вид заповедта: ‘Одете по сиот свет’. Повикани сме да го подигнеме својот поглед и на пределите од другата страна. Христос го срушил ѕидот на одвојување, поделеноста од националните предрасуди и не учи да ги сакаме сите членови на човечкото семејство. Тој ги подига луѓето од тесниот круг што ја одредува нивната себичност и ги укинува сите територијални граници и вештачки создадени бариери во општеството. Тој не прави никаква разлика помеѓу соседите и странците, помеѓу пријателите и непријателите. Тој нè учи дека секому кому му е потребна помош да го сметаме за свој брат, а цел свет за свое работно поле“. – *Копнежот на вековите, 823.*

„Наместо да ги проширување постоечките и да градиме нови згради... во кои веќе има наши институции, би требало да ги ограничиме нашите желби. Нека средствата и работниците се расеат, за да ја објавуваат вистината и да ја дадат веста на опомена во подалечните региони“. – *8. Сведоштво, 50.*

„И додека вие ги трошите парите на задоволување на своите желби - Божјите пари - за кои ќе морате да дадете одговор, мисионерската работа е во застој, бидејќи нема доволно средства ниту работници за да го поставаат знамето на вистината во места каде што луѓето сè уште не слушнале за веста на предупредување“. – *8. Сведоштво, 51.*

„Кој ќе го остави удобниот дом и драгите роднини, и ќе ја однесе скапоцената светлина на вистината во оддалечените земји?“ – *8. Сведоштво, 54.*

## 4. ТАЈНАТА НА СИЛАТА

**а. Објаснете го значењето на визијата дадена на пророкот Захарија, која го претставува Божјото дело на оваа земја. Захарија 4:1-3.**

________________________________________________________________

„Треба да се изврши едно големо дело за да му се изнесе на народот спасоносната вистина на евангелието. Тоа е средство со кое Бог сака да ја запре плимата на морална расипаност и повторно да го воспостави Својот морален лик во човекот. Тоа е Неговиот лек за општото пореметување…

Сета светлина, откриена во Божјата Реч од минатото, како и светлината која блеска во сегашноста и се протега кон иднината, наменета е на секоја душа која сака да ја прими. Славата на таа светлина, која е самата слава на Христовиот карактер, треба да се манифестира во секој христијанин, во семејството, во црквата, во проповедништвото и во секоја установа која ја основал Божјиот народ, и за кои Бог сака да бидат симболи на спасоносната сила на евангелската вистина и на она што може да се направи за светот. Тие се орудија во исполнувањето на Божјата цел за човечкиот род.

Божјиот народ треба да биде орудие за спроведување на најзвозвишеното влијание во вселената. Во визијата на Захарија, двете маслинови дрвја кои стојат пред Бога се претставени како го излеваат златното масло преку златни цевчиња во чинијата на светилиштето. Од нив се налеваат светилниците на светилиштето, за да можат постојано да ја шират својата сјајна и блескава светлина. Така, од помазаниците кои стојат во Божје присуство преоѓа полнината на божествената светлина, љубов и сила на Неговиот народ, за и тие на други да пренесуваат светлина, радост и освежување. Тие треба да бидат канали преку кои божествените орудија му ја пренесуваат на светот плимата на Божјата љубов“. – *6. Сведоштво, 11,12.*

**б. Која е „батеријата“ што ни дава енергија да ја исполниме задачата да го просветлиме светот? Захарија 4:6.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Небесната вселена работи на подготовка на душите за обратување и тоа многу повеќе отколку што ние можеме да замислиме. Ние треба да работиме во хармонија со небесните гласници. Нам ни е потребно поголема помош од Господа и не смееме да мислиме дека работата може да се врши само со говори и проповедање. Без Негова помош, никогаш не би допреле до народот“. – *6. Сведоштво, 50.*

Четврток 1. април

## 5. СРЦА ШТО ПЛАМТАТ

**а. Објаснете ја нашата најголема потреба во овој момент. Јован 1:12,13; 3:5-8; 4:14.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Соработници, во нашите срца мора многу повеќе да пребива Исус, драгиот Исус, ако сакаме со успех да го прикажуваме Него пред народот. Нам многу ни е потребно небесното влијание на Божјиот Свет Дух, кој ќе подари сила и успех на нашата работа. Треба своите срца да му ги отвориме на Христа и да имаме многу поцврста вера и многу по сесрдна посветеност. Ние треба да умреме за себеси и во срцето и умот да негуваме длабока љубов кон својот Спасител. Ако го бараме Господа со сето свое срце, ќе го најдеме, и нашите срца ќе бидат озарени од Неговата љубов. Нашето сопствено јас ќе стане безначајно и Исус ќе биде сè во нашата душа“. – *6. Сведоштво, 51.*

„Вистински обратената душа прима светлина одозгора, а Христос во таа душа е: ‘Извор на вода што тече во вечен живот’ (Јован 4:14). Луѓето можат лажно да ги прикажуваат и толкуваат зборовите, побудите и делата на таквата душа, но таа нема тоа да го става на ум, затоа што знае дека се работи за значајни нешта. Таа не гледа на сегашноста, не копнее за слава и не се грижи дали луѓето ќе ја фалат. Нејзината надеж е на небото; и таа оди право, со очи насочени кон Исуса. Ја застапува правдата затоа што тоа е исправно и затоа што само оние што творат правда ќе влезат во Божјото царство. Таа е блага и кротка и сака да ги усреќи другите. Никогаш не зборува: ‘Зар јас сум чувар на брат ми’ (Создавање 4:9), туку го сака својот ближен како себе самиот. Не е груба и наклонета да го наметнува своето мислење на другите како непобожните луѓе, туку со небесна светлина им свети и на другите. Таа е искрен, храбар војник на Христовиот крст што ја проповеда речта на Животот“. – *5. Сведоштво, 569.*

Петок 2. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кога сум во искушение да мислам дека немам влијание врз другите, што треба да сфатам?**
2. **Која клучна карактеристика може да го направи моето сведоштво за Христа поефективно?**
3. **Што, во Божји очи, треба да биде најголемиот приоритет за Неговиот народ?**
4. **Како визијата на Захарија за маслото што тече треба да влијае врз мене?**
5. **Опишете еден вистински обратен христијанин.**

# Победа над џиновите

**„Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди. И Јас ќе Го молам Мојот Татко, и Тој ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека” (Јован 14:15,16).**

„Утешителот е даден, за да го земе она што е Христово и да ни го покаже нам, за да може со сета своја богата убедливост да ни ги претстави зборовите што слегле од Неговите усни и да ги пренесе со жива моќ на душата која е послушна, која се откажала од себе*“. – The Signs of the Times, July 15, 1908.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Selected Messages, bk. 1, pp. 109–111.*

Недела 4. април

## 1. ПРЕКРАСНО ВЕТУВАЊЕ

**а. Опишете го драгоценото ветување што Исус го дал ноќта пред Неговото распнување - и како ние исто така можеме да го примиме и да бидеме благословени од него. Јован 14:15-17,23.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Извршувањето на должностите никогаш не може да се замени со молитва. Христос кажува: ‘Ако ме љубите, ќе ги пазите моите заповеди!’... Сите што ги изнесуваат своите молби пред Бога, повикувајќи се на неговите ветувања иако не ги исполнуваат условите, го навредуваат Господа*“. – Христовите очигледни поуки, 143.*

„Ние треба да го претставиме Христа во секој детал од карактерот. Кој е библискиот тест за карактерот? ‘Ако некој Ме љуби, ќе го пази словото Мое; и Мојот Отец ќе го возљуби, и ќе дојдеме кај него и живеалиште во него ќе направиме’ (Јован 14:23)*“. – Medical Ministry, p. 46.*

„Нашата волја ќе биде под контрола на еден посилен, посовршен ум, зашто сме воспоставиле жива врска со Изворот на трајна сила. Нашиот побожен живот ќе се сообрази со желбите на Исуса Христа. Го нема веќе вообичаениот себичен живот, туку во нас ќе живее Христос. Во нашата природа ќе се обнови Неговиот карактер. И така кај нас ќе се множат плодови на Светиот Дух*“. – Христовите очигледни поуки, 61.*

## 2. КНИГА ЗА ДЕЛАТА

**а. Како Лука, саканиот лекар, ја започнува книгата Делата на апостолите, како продолжение на библиската книга што го носи неговото име? Лука 24:50-53; Дела 1:1-3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Во последните прашања до Исус, за што учениците биле најмногу загрижени, и кои слични грижи и нам ни се својствени? Дела 1:6. Објаснете што треба да научиме од Неговиот одговор. Дела 1:7; Јован 9:4.**

______________________________________________________________________

„Бог не ни открил кога ќе заврши оваа порака (на третиот ангел) или кога ќе заврши времето на милоста. Да го прифатиме она што ни е откриено нам и на нашите деца, и да не се обидуваме да ги дознаеме тајните што се чуваат во советите на Семоќниот. Наша должност е да бдееме, работиме и чекаме, да се трудиме во секое време за душите на луѓето кои се на работ на пропаста. Треба постојано да одиме по стапките на Исус, да работиме како што работел Тој и да ги споделуваме Неговите дарови како добри управители на Божјата многукратна благодат. Сатаната е подготвен секому кој секојдневно не учи од Исуса да му даде посебна порака, која самиот ја создал, за да го поништи ефектот на прекрасната вистина за ова време". – *The Review and Herald, October 9, 1894.*

„Повторно и повторно бев предупредена во врска со одредувањето на времето. Никогаш повеќе Божјиот народ нема да добие порака заснована на време. Ние не треба да го знаеме точното време на излевањето на Светиот Дух или за Христовото доаѓање". – *Selected Messages, bk. 1, p. 188.*

„Живееме во завршните сцени од историјата на оваа земја. Пророштвото брзо се исполнува. Часовите на искушенија брзо поминуваат. Ниту за еден момент не смееме да губиме време. Да не дозволуваме да бидеме затекнати како спиеме на стража. Нека никој не говори во своето срце или со своите дела: 'Мојот господар уште долго нема да дојде'. Веста за скорото Христово доаѓање треба да се објави со сериозни зборови и предупредувања. Да ги уверуваме насекаде мажите и жените да се покајат и да бегаат од гневот што иде. Мораме да ги поттикнеме веднаш да пристапат кон подготовка, затоа што малку знаеме за тоа што ни претстои. Проповедниците и членовите нека заминуваат во полињата кои дозреваат и да ги предупредуваат лекомислените и рамнодушните да го бараат Господа додека може да се најде". – *8. Сведоштво, 252,253.*

## 3. ВОЗНЕСЕНИЕ И ВЕТУВАЊЕ

**а. Во својата последна изјава пред Своето вознесение, што истакнал Исус, и што значи ова за нас? Дела 1:4,5,8,9.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Духот ќе им биде дарувaн заради преродување, а без тоа Христовата жртва би била безуспешна. Моќта на злото зајакнувала низ вековите и било неверојатно колку луѓето немоќно се потчинувале на ропството на сатаната. Да се пружи отпор на гревот и да се совлада може само со моќното делување на Третото Лице на Божеството, Кој не Доаѓа со никаква ограничена енергија, туку со целосна божествена сила. Духот го спроведува во дело она што го извојувал Спасителот на светот. Со силата на Светиот Дух срцето се чисти од гревот. Со помош на Светиот Дух верникот станува учесник во божествената природа. На Своите следбеници Христос им го дава Својот Дух, како божествена сила, за да ги совладаат сите наследени и стекнати склоности кон злото и црквата да го прими печатот на Неговиот карактер“. – *Копнежот на вековите, 671.*

**б. Со каква благословена увереност вистинските верници од сите генерации можат да почиваат во надеж? Дела 1:10,11; Тит 2:11-13.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Учениците веќе не гледале со недоверба во иднината. Знаеле дека Исус е на небото и дека Неговата љубов кон нив не се изменила. Знаеле дека имаат пријател крај Божјиот престол и желно сакале да ги упатат своите молитви кон Таткото во Христово име“. – *Копнежот на вековите, 833.*

„Со неискажана радост поглаварите, началствата и властите ја признале врховната власт на Кнезот на животот. Ангелските војски паднале ничкум пред Него, додека радосните извици ги исполнувале сите небесните дворови: ‘Достојно е Јагнето, Кое е заклано да прими сила и богатство, мудрост, моќ, чест, слава и благослов’ (Откровение 5:12)...

Од таа сцена на небесна радост, до нас на Земјата ни се враќаат како одек прекрасните Христови зборови: ‘Се враќам кај Мојот Татко и кај вашиот Татко, кај Мојот Бог и кај вашиот Бог’. (Јован 20:17) Небесното и земното семејство станале едно. Заради нас Христос се вознел и заради нас Тој живее. ‘Затоа може целосно да ги спаси оние кои преку Него доаѓаат кај Бога, зашто секогаш живее за да посредува за нив’. (Евреите 7:25)“. – *Копнежот на вековите, 834,835.*

## 4. СРЕДБА СО ЦЕЛ

**а. Каде се собрале учениците, кој бил меѓу присутните и што тие направиле? Дела 1:12-14. Што можеме да научиме од овој чекор?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Додека чекале да се исполни Христовото ветување, учениците со скршено и понизно срце, со вистинско покајание, го признале своето неверство. Спомнувајќи си за зборовите што им ги упатил Христос пред својата смрт, тие поцелосно ја сфатиле нивната смисла. Вистините што исчезнале од нивното сеќавање повторно оживеале во нив, и тие си ги повторувале еден на друг...

Тие денови на подготовка биле денови преполни со длабоко истражување и преиспитување на срцето. Учениците го чувст¬вувале својот духовен недостиг и пекале пред Господа во молитва за свето помазание кое ќе ги оспособи за делото на спасување на душите. Не барале благослов само за себе. Ги притискал товарот за спасување на душите. Знаеле дека евангелието треба да му се однесе на светот и се молеле за силата што им ја ветил Христос“. – *Делата на апостолите, 36,37.*

**б. Наведете една одлука донесена од раната црква, составена од 120 верници. Дела 1:15-26. Зошто начинот на кој бил направен изборот во многу младата црква не мора нужно да се смета за вообичаен метод? Дела 6:3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Секој член на црквата има право на глас и на бирање на службеници”. – *8. Сведоштво, 236.*

„Нека никој не дозволи да отстапи од здравите, разумни принципи што Бог ги поставил како упатства за својот народ, за да зависи од било кое средство, како што е фрлањето паричка. Таквиот курс му годи на непријателот на душите; зашто тој работи на контрола на паричката и преку неа ги реализира своите планови. Нека никој не биде толку лесно измамен, да има доверба во вакви или слични тестови. Никој нека не го омаловажува своето искуство прибегнувајќи кон евтини методи за насочување во важни работи поврзани со Божјото дело”. – *Selected Messages, bk. 2, p. 326.*

„’Читајте ги своите Библии со многу молитва. Не обидувајте се да ги направите другите понизни, туку понизете се пред Бога и постапувајте нежно едни со други. Фрлањето ждрепка за избор на службеници во црквата не е Божја волја. Нека се повикаат одговорни луѓе да изберат служители на црквата’”. – *Selected Messages, bk. 2, p. 328.*

Четврток 8. април

## 5. НАШАТА ПОТРЕБА ДЕНЕС

**а. Која е нашата најголема потреба во моментов? Исаија 26:4,8,9.**

„’Кога ќе се одречеш од сопствената волја, сопствената мудрост и учиш од Христа, ќе бидеш прифатен во Божјото царство. Тој бара целосно, безрезервно предавање. Откажи се од својот живот за Тој да може да го организира, обликува и украсува. Земи го Неговиот јарем на вратот. Покори се за Тој да може да те води и поучува. Сфати дека ако не станеш како мало дете, никогаш не можеш да влезеш во небесното царство.

Да се пребива во Христа значи да се изберат само Христовите склоности, така што Неговите интереси ќе се поистоветат со твоите. Пребивај во Него како би можел да бидеш и да го правиш само она што Тој го сака. Ова се условите што мора да ги исполниш, ако сакаш да бидеш Негов ученик, а доколку не ги исполниш, никогаш нема да најдеш одмор...

Треба да имаш внатрешно, повозвишено искуство. Мора да постигнеш раст во благодатта така што ќе пребиваш во Христа. Кога ќе се обратиш, нема да бидеш пречка, туку ќе ги зајакнуваш своите браќа’“ *– Selected Messages, bk. 2, p. 110,111.*

„Мораме многу да се молиме ако сакаме да напредуваме во божествениот живот. Колку многу се молевме кога прв пат беше објавена веста на вистината. Колку тогаш често се слушаше гласот на молитва во собата, во шталата, градината или овоштарникот. Често поминувавме цели часови во молитва, по двајца или тројца, положувајќи право на ветувањето. Тогаш честопати се слушаше плачење, глас на благодарност и песни на слава. Денес Божјиот ден е поблиску од тогаш кога прв пат поверувавме и затоа треба да бидеме посесрдни, поревни од тие први денови. Нашите опасности сега се поголеми од оние тогаш. Душите станаа позакоравени. Сега е потребно да сме проникнати со Божјиот Дух и не смееме да мируваме сè додека не го примиме“. *– 5. Сведоштво, 161,162.*

Петок 9. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наведете ги условите потребни за примање на Светиот Дух, како што е прикажано во Јован 14.**
2. **Зошто ни е кажано да не се обидуваме да ја темелиме нашата вера на одредување на времето?**
3. **Зошто Светиот Дух е неопходен за христијанскиот живот?**
4. **Кој бил главниот предмет на молитва на првиот црковен собир?**
5. **Како можеме да бидеме инспирирани од фокусот на раните адвентистички верници?**

# Сила на Педесетница

**„Па така, значи, ако вие, кои сте лоши, умеете да им давате добри дарови на чедата свои, колку повеќе небесниот Отец ќе им даде Дух Свети на оние што Му бараат?“ (Лука 11:13).**

„Ние треба да се молиме за излевање на Светиот Дух врз нас исто толку сесрдно како што се молеле учениците на Педесетница. Ако им бил потребен ним во тоа време, нам денес ни е уште попотребен“. – *5. Сведоштво, 158.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 35-42.*
*8. Сведоштво, 19-23.*

Недела 11. април

## 1. ПОДГОТОВКА ЗА ИЗЛЕВАЊЕ

**а. Како одговор на молитвата, што се случило кога учениците биле еднодушни на едно место, и што можеме да научиме од тоа? Лука 11:13; Дела 2:1,2.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Треба да се забележи дека Духот се излеал врз учениците дури тогаш кога целосно се обединиле, тогаш кога престанале да се борат за највисоко место. Станале еднодушни. Сите несогласувања биле отстранети...

Учениците не го барале тој благослов само за себе. Нив ги притискал товар за душите...

Христијаните треба да ги отфрлат сите несогласувања и да му се предадат на Бога заради спасување на изгубените. Со вера нека се молат за ветениот благослов и тој ќе дојде“. – *8. Сведоштво, 20,21.*

„Можеме слободно да се стремиме кон единство во доктрината и духот, и ако го постигнеме тоа, ќе бидеме во хармонија со Божјата волја. Ако ја отфрлиме себичноста, гордоста, суетата и злите претпоставки, ќе станеме силни во Бога и вратата на нашето срце ќе биде отворена за влез на Христа; би се крстиле со Светиот Дух и би биле исполнети со секоја Божја полнота“. – *The Review and Herald, April 22, 1890.*

## 2. ПРЕД МНОГУНАЦИОНАЛНА ПУБЛИКА

**а. Какво чудо наскоро доживеале учениците, и зошто тоа било потребно? Дела 2:3-11. Како овој настан бил најавен во пророштвото? Марко 16:17.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Светиот Дух, примајќи облик на пламени јазици, слегол врз собраните. Тоа бил пригоден симбол на дарот што им е даден тогаш на учениците и кој ги оспособил правилно и течно да зборуваат јазици кои до тогаш им биле наполно непознати. Појавата на пламен ја прикажувала сесрдната ревност со која учениците работеле и силата што ја придружувала нивното дело.

‘А тогаш во Ерусалим живееја Евреи, побожни луѓе, од сите народи под небото’. Во текот на своето раселување, Евреите биле расеани речиси низ сите делови на тогашниот населен свет, па во своето изгнанство научиле различни јазици. Во таа пригода многу од нив се нашле во Ерусалим, присуствувајќи на верските свечености кои штотуку се одржувале. На соборот биле застапени сите познати јазици на светот. Тоа шаренило на јазици би претставувало голема пречка за проповедањето на евангелието и затоа Бог на чудесен начин го надоместил овој недостиг на апостолите. Светиот Дух за нив го сторил она што тие сами не би можеле да го постигнат за време на целиот свој живот. Сега можеле да ги проповедаат вистините на евангелието и во други земји, служејќи се совршено со јазикот на оние за кои се залагале. Тој чудесен дар за светот претставу¬вал непобитен доказ дека мисијата што им е доверена навис¬тина носи небесен печат. Од тој миг јазикот на учениците бил чист, едноставен и јасен, било да зборувале на својот мајчин, или на некој туѓ јазик“. – *Делата на апостолите, 39,40.*

**б. Како му бил прикажан опасниот фалсификат на овој дар на старозаветниот пророк? Исаија 8:19,20.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Поединци од тоа движење имаат наводно и некои дарови добиени од Бог. Тие испуштаат некои неартикулирани гласови што ги нарекуваат странски јазици, а кои се потполно неразбирливи не само за луѓето, туку и за Господ и целото небо. Овие дарови ги измислуваат мажите и жените потпомогнати од големиот измамник“. – *1. Сведоштво, 412.*

## 3. ПРОГОНСТВО НА ИСКРЕНИТЕ

**а. Објаснете ја разликата помеѓу евтината, плитката, наводната религиозна возбуда наспроти вистинското оживување предводено од Светиот Дух. Матеј 7:15-20; Псалм 77:6.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Фанатизмот и крevaњето врева се сметаат за некои посебни докази на верност. За некои богослужението не е успешно ако на него не доживеале некое посебно возбудување и чувство на среќа. Тие на секаков начин се трудат да го предизвикаат тоа и вештачки се возбудуваат. Но влијанието на таквите собири не е благотворно. Кога минливото чувство на занес ќе исчезне, тие паѓаат уште подлабоко отколку што биле пред собирот, бидејќи нивната среќа не дошла од вистинскиот извор. За духовно воздигнување најкорисни се оние собири на кои преовладува сериозност и длабоко истражување на сопственото срце, на кои секој се стреми да се запознае себе и во длабока смиреност и понизност да се поучува од Христос“. *– 1. Сведоштво, 412.*

**б. Што јасно ги идентификува вистинските Христовите следбеници во овој свет? Јаков 2:18; Галатјаните 5:6.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ние треба да ја покажеме нашата вера преку нашите дела. Треба да настојуваме во поголема мера да го покажуваме Христовиот Дух; бидејќи во тоа лежи силата на црквата. Сатаната се труди да ги раздели Божјите деца. О колку малку љубов имаме - љубов кон Бога и едни кон други! Ако словото и духот на вистината престојуваат во нашите срца, тие нѐ одвојуваат од светот. Непроменливите начела на вистината и љубовта спојуваат срце со срце и силата на таа врска е сразмерна со благодатта и вистината што ги поседуваме. Би било добро секој од нас да застане пред огледалото - возвишениот Божји закон - и во него да ги види ликот на сопствениот карактер. Треба грижливо да внимаваме да не поминат незабележано знаците на опасност и опомените дадени во Неговата реч. Ако ги занемариме тие опомени и ако не ги совладаме недостатоците на карактерот, тие недостатоци ќе го совладаат оној што ги поседува и тој ќе западне во заблуда, отпадништво и отворен грев. Умот кој не се издига до највисокиот степен ќе го загуби и она што некогаш го стекнал, кога неговите сили ќе попуштат“. *– 5. Сведоштво, 537.*

## 4. МОЖНОСТИ КОИ НЕ ОЧЕКУВААТ

**а. Додека учениците јасно зборувале преку Духот, кои два одговора се слушнале - едниот открива интерес, а другиот ја поттикнува типичната тактика на сатаната за подбивање? Дела 2:12,13.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Кога Господ има намера да стори некое дело, сатаната влијае врз некого да му се спротивстави“. – *Копнежот на вековите, 535.*

„Господ работел на свој начин; но ако се случеше вакво нешто меѓу нас, на кои доаѓа крајот на светот, зарем нема да има потсмевачи како тогаш, на денот на Педесетница? Оние што не се под влијание на Светиот Дух, не го знаат тоа. За оваа класа на луѓе, учениците изгледале како пијани луѓе“. – *Testimonies to Ministers, p. 66.*

**б. Што можеме да научиме од начинот на кој Петар веднаш разјаснил што се случува? Дела 2:14-21.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**в. На кој начин исполнувањето на старозаветното пророштво, што апостолот го цитирал, треба да се повтори и во нашите денови? Јоил 2:28,29.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Со искрен копнеж го очекувам времето кога настаните од денот на Педесетница ќе се повторат со уште поголема сила отколку во таа пригода. Јован вели: ‘А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот’. Тогаш, како и на денот на Педесетница, луѓето ќе ја слушаат вистината што ќе им се изнесува, секој човек на својот јазик.

Сите оние кои искрено сакаат да Му служат, Бог може да ги вдахне со нов живот и да ги направи - допирајќи им ги усните со жив јаглен од олтарот - елоквентни за пофалба на Неговото име. Илјадници гласови ќе бидат исполнети со посебна сила да ги објават прекрасните вистини на Божјото Слово. Јазикот на оние што имаат говорна мана ќе се одврзе, срамежливите ќе бидат окрепени за да дадат храбро сведоштво за вистината“. – *The SDA Bible Commentary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1055.*

Четврток 15. април

## 5. ВОДЕЈЌИ ГИ УМОВИТЕ ДО ХРИСТА

**а. Како Петар на многубројните слушатели им го претставил Христа? Дела 2:22-24.**

____________________________________________________________________

„Сцената била необично интересна. Од сите страни доаѓале луѓе да ги слушнат учениците како сведочат за вистината каква што е во Исуса. Цели групи нагрвалиле во храмот. Тука се наоѓале свештениците и поглаварите; на нивното лице сè уште почивал мрачен израз на злоба, срцата сè уште им биле полни со постојана омраза против Христа, а рацете уште неизмиени од пролеаната крв кога го распнале Спасителот на светот. Очекувале апостолите да ги видат преплавени од страв под силната рака на угнетувачите и убијците, но сега ги виделе слободни од секој страв и исполнети со Духот како силно ја објавуваат божествената сила на Исуса Назареќанецот. Слушнале како апостолите смело тврдат дека Оној, кого неодамна тие го понижувале, го исмевале, свирепо го малтретирале преку рацете на безбожниците и го распнале, навистина е Кнез на животот и дека сега се вознел на небото и седи десно од Бога“. – *Делата на апостолите, 42.*

**б. Како Петар повторно го вметнал пророштвото во своето излагање? Дела 2:25-36.**

**в. Опишете го чудесното дејствување на Светиот Дух во тој момент. Дела 2:37; Јован 16:7,8.**

„Службата на Светиот Дух е да му ја открие на умот природата на посветувањето што Бог ќе го прифати. Со посредство на Светиот Дух, душата се просветлува, а карактерот се обновува, осветува и возвишува“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 134.*

Петок 16. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што може да ме спречи во целост да го примам Светиот Дух?**
2. **За која практична цел на апостолите им бил потребен дарот да зборуваат на различни јазици?**
3. **Како емоционализмот претставува замка за вистинско искуство со Христос?**
4. **Што треба да се сетам секогаш кога Бог работи поинаку отколку што очекувам?**
5. **Опишете ги двете класи на луѓе кои ја слушале беседата на Петар.**

# Радоста на покајанието

**„А Петар им рече: „Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исус Христос за простување на гревовите; и тогаш ќе примите дар од Светиот Дух” (Дела 2:38)“.**

„Кога ангелите толку се радуваат на грешникот кој се кае, зар покајниците кои и самите се спасени со Христовата крв не се радуваат кога гледаат дека со нивниот труд се обраќат и други кон Христа? Работејќи во склад со Христа и со светите ангели, ќе ја искусиме радоста која не може да се доживее во никоја друга работа“. – *3. Сведоштво, 381,382.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 43–59*

Недела 18. април

## 1. ОДВАЖНА ГРИЖА

**а. Кога се разбудила свеста на мноштвото за тоа кој всушност е Христос, каков силен апел Петар веднаш упатил, и како може тоа да нè охрабри? Дела 2:38-40.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Не треба да се поклонуваме и да му се извинуваме на светот што му ја говориме вистината; треба да се гнасиме од прикривањето. Развијте го знамето на вистината пред луѓето и пред ангелите. Сите нека разберат дека адвентистите на седмиот ден не можат да прават никакви компромиси. Не смее да има ниту најмало двоумење во вашата вера и ставовите што ги искажувате; светот има право да знае што може да очекува од вас...

Господ сака Неговите слуги денес да ја проповедаат старата наука на евангелието, жалост поради гревот, покајание и признавање на гревот. Ние сакаме старомодни проповеди, старомодни обичаи, старомодни татковци и мајки во Израел. Ние мора да работиме упорно, искрено и мудро за грешникот, сè додека не увиди дека е престапник на Божјиот закон и не се покае пред Бога и поверува во Господ Исус Христос“. – *Evangelism, pp. 179, 180.*

## 2. ЧУДЕСНИ РЕЗУЛТАТИ

**а. Кое чудесно дело е извршено преку Светиот Дух? Дела 2:41.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Петар застанал меѓу нив и започнал да зборува со голема сила. Меѓу оние што го слушале имало и побожни Евреи, кои биле искрени во своето верување. Силата што ги придружувала зборовите на говорникот ги убедила дека Христос навистина е Месијата. Какво моќно дело било извршено тогаш! Три илјади души се преобратиле за еден ден.

Семето го посеал најголемиот Учител што светот некогаш го познавал. Три и пол години Синот Божји престојувал во Јудеја, објавувајќи ја евангелската порака на вистината и работејќи со големи знаци и чуда. Семето било посеано и по Неговото вознесение започнала голема жетва. После една проповед на денот на Педесетница се обратиле повеќе души отколку во текот на сите години на Христовата јавна служба. Толку Бог моќно ќе делува кога луѓето ќе се потчинат на контролата на Светиот Дух“. – *The SDA Bible Commentary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1055.*

**б. Опишете го ставот на раната црква, и што сите треба да научиме од неа. Дела 2:42-47.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„По слегувањето на Светиот Дух учениците тргнале да го проповедаат воскреснатиот Спасител и нивен единствен копнеж бил спасување на душите. Тие се радувале на слатката заедница со светиите. Биле нежни, внимателни, самопожртвувани и подготвени да поднесат секаква жртва заради вистината. Во своето секојдневно меѓусебно дружење тие ја откривале љубовта за која Христос им заповедал да ја откриваат. Со несебични зборови и постапки се труделе таа љубов да ја побудат во срцата на другите.

Вистинските верници секогаш ја развивале во себе таа љубов која ги исполнувала срцата на апостолите по слегувањето на Светиот Дух. Тие напредувале во доброволна покорност на новата заповед: ‘Како што Јас вас ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг’ (Јован 13:34). Тие биле толку цврсто обединети со Христа така што биле во состојба да ги исполнат сите Негови барања. Ја воздигнувале силата на Спасителот кој можел да ги оправда со Својата праведност“. – *8. Сведоштво, 241.*

## 3. ЧУДОТО ВО ХРАМОТ

**а. Како Бог ги употребил Петар и Јован за да направат прекрасно чудо на Красната порта во храмот? Дела 3:1-10.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Учениците со голема сила го проповедале распнатиот и воскреснат Спасител. Во Христово име се лечеле болни и се правеле многу знаци и чуда. Петар и Јован пред вратите на храмот потполно излечиле човек кој бил хром од самото свое раѓање, а овој на очиглед на сиот народ скокајќи и фалејќи го Бога заедно со нив влегол во храмот”. *– Рани списи, 192.*

**б. Како реагирале луѓето на ова чудо, и што рекол Петар за да нагласи кој е неговиот вистински извор? Дела 3:11-16.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Веста за овој настан брзо се проширила и народот масовно се собирал околу учениците, восхитувајќи му се на чудото што тие го сториле.

Кога Исус умрел, свештениците мислеле дека нема повеќе да се случуваат чуда, возбудата предизвикана на таков начин ќе исчезне, и народот повторно ќе им се врати на традициите. Но, за нивно изненадување учениците токму меѓу нив во самиот храм направиле чудо и сиот народ го исполниле со восхит. Исус бил распнат, а тие се прашувале од каде сега таква моќ кај учениците. Додека бил жив Исус сметале дека Тој им давал сила за да ги прават чудата; меѓутоа со Неговата смрт тие очекувале престанок и на чудата”. *– Рани списи, 192.*

**в. Како Петар љубезно покажал доверба во своите слушатели? Дела 3:17.**

______________________________________________________________________

„’Знам дека вие тоа го направивте од незнаење’, изјавил Петар; но ова незнаење не претставувало изговор за преземената акција; зашто им била дадена голема светлина. Се вели дека кога би знаеле дека Тој е Принц на животот немале да го распнат. Но, зошто тие не го знаеле тоа? - Затоа што тие избрале да останат во незнаење. Тие не биле заинтересирани за истражување и проучување на пророштвата и се покажало дека нивното незнаење довело до нивна вечна пропаст. Тие имале најсилни докази врз кои можеле да ја темелат својата вера и биле должни пред Бога да ги прифатат доказите што Тој им ги дал. Нивното неверување ги направило виновни за крвта на единородниот Син на бесконечниот Бог”. *– The SDA Bible Commentary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1056.*

## 4. ВРЕМЕ ДА СЕ ПАДНЕ НА КАРПА

**а. Откако ја изнел вистината за Христа, каков апел Петар им упатил на своите слушатели во храмот? Дела 3:18,19. Како овој ист повик одекнува денес со уште поголема итност?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Сега за нас од важно значење се зборовите: ‘Покајте се, и обратете се, за да се исчистите од вашите гревови, за да дојдат времиња за освежување од Господовото лице’ (Дела 3:19,20). На мнозина од нас им недостига духовност и сигурно ќе бидат изгубени ако потполно не се обратат. Зар ќе си дозволите себеси да се изложите на таква опасност?...

Ако сакаме да ги избегнеме тешките и непријатни искуства, мораме сесрдно и без одлагање да го градиме своето спасение со страв и трепет. Има мнозина што не даваат очигледни докази дека се верни на заветот направен при крштавањето. Формализмот, стремежот за почести во светот, гордоста и самољубието ја ослабнале нивната ревност. Нивната свест повремено се буди, но тие не паѓаат на Карпата - Исуса Христа. Тие не му приоѓаат на Бога со скршени срца во покајание и признавање. Тие што во срцето ќе го почувствуваат делувањето на вистинско обратување, во својот живот ќе покажуваат плодови на Духот. О, кога оние на кои толку им недостасува духовност, би можеле да сфатат дека вечниот живот може да им се даде само на оние што ќе станат соучесници во божествената природа, на оние што ќе ја избегнат расипаноста што постои во светот заради телесните желби!“ – *9. Сведоштво, 154,155.*

**б. Како единствено можеме да го доживееме „освежувањето“ споменато во Дела 3:20? Исаија 43:25; 44:3,22; 57:15; 60:1.2.**

______________________________________________________________________

„Како што ‘раниот дожд’ бил даден при излевањето на Светиот Дух во почетокот на ширењето на евангелската вест, и предизвикал ’ртење на драгоценото семе, така и ‘позниот дожд’ ќе се излее при нејзиниот крај за жетвата да дозрее...

Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат со позниот дожд и при неговото завршување. Тоа е време на ‘освежување’ што апостол Петар однапред го најавил велејќи: ‘Покајте се, пак, и обратете се, за да се очистите од гревовите ваши, за да дојдат од Господ времиња за освежување и Тој да ви Го прати вам претскажаниот Исус Христос’ (Дела 3:19,20)“. – *Големата борба, 611.*

## 5. ПОДГОТОВКА ЗА СЛАВНИОТ НАСТАН

**а. Кој единствено ќе го прими „освежувањето“, и каков е славниот резултат од тоа? Дела 3:19,20; 2. Коринтјаните 7:10.**

„Овие зборови треба да допрат до нас денес со особена сила. (2. Коринтјаните 7:10,11). Ова е вистинско покајание. Тоа ќе доведе до промена во животот. Недостатокот на ова искрено жалење за гревот е причина за многу површни обратувања. Во животот на таквите луѓе не доаѓа до реформа. Но, кога ќе го видиме гревот во светлината на Божјиот закон и ќе ја разбереме неговата вистинска природа, тој ќе биде отстранет од срцето и од животот.

Искреното жалење поради гревот ја доведува покајничката душа кај Христа. Тука тој може искрено да се моли за прошка и да ја добие благодатта што ќе му донесе победа. Тука може да се просветли неговото затемнето разбирање и каменото срце да се претвори во месно. Тука бунтовниот грешник ќе стане потчинет и неговата волја ќе биде во согласност со волјата Божја“. – *The Review and Herald, June 8, 1911.*

„Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека ‘освежувањето’ или ‘позниот дожд’ ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат ‘освежувањето’ кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог... Видов дека во ‘освежувањето’ ќе учествуваат само оние кои што ќе победат и ќе го оттргнат секој вкоренет грев: гордост, себичност, љубов кон светот и секој лош збор и постапка. Заради тоа мораме сè повеќе да се приближуваме кон Господа и сесрдно да настојуваме да извршиме неопходна подготовка која што ќе ни овозможи да опстанеме во борбата во денот Господов. Да имаме сите на ум дека Бог е свет и дека никој со исклучок на светите битија не може да престојува во Негово присуство“. – *Рани списи, 71.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да развијам поголема храброст да зборувам за Христа, како што Тој зборува за мене?**
2. **Зошто учениците биле толку успешни токму таму каде што започнале да работат?**
3. **Како покажувањето доверба во другите луѓе доведува до заемно почитување?**
4. **Зошто Бог нè повикува да се покаеме пред да ни ја довери последната сила на доцниот дожд?**
5. **Кои се некои од гревовите што треба да ги надминам за да добијам освежување?**

Сабота, 1. мај 2021.

## Дар во првата сабота
## За мисиите во светот



Христовите зборови им се познати на Неговите следбеници: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание“ (Марко 16:15).

Зошто оваа моќна наредба е толку впечатлива? Вечното евангелие треба да се однесе во ЦЕЛИОТ свет - „на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ“ (Откровение 14:6).

„Но како да Го повикаат Оној во Кого не поверувале? Како, пак, да поверуваат во Оној за Кого не слушнале? А како да слушнат, ако нема кој да проповеда?“ (Римјаните 10:14). Толку многу драгоцени души се наоѓаат во длабока темнина и целосна збунетост! „Но Бог сè уште има Свој народ во Вавилон и пред Вавилон да биде казнет со Божјите судови, верните треба да бидат повикани да излезат од него „да не соучествуваат во неговите гревови и да не добијат од казните негови...

Но никого Божјиот гнев нема да го стигне пред да допре вистината до неговото срце и совест, и пред тој да ја отфрли. Има многу луѓе кои никогаш немале можност да ги слушнат посебните вистини за ова време. Должноста која произлегува од четвртата заповед никогаш не им била изнесена во вистинска светлина. Оној, кој го чита сечие срце и ја испитува секоја побуда, нема да дозволи ниту еден од оние што бараат да ја запознаат вистината да биде измамен во врска со прашањето околу кое постои борба. Декретот нема да му биде слепо наметнат на народот. Секој ќе има доволно светлина својата одлука да ја донесе врз основа на здравиот разум.“ *-Големата борба, 604,605.*

А како да слушнат? Сите можеме да допреме до пријателите, роднините, соседите, познаниците и странците бесплатно. Но, има уште многу да се направи во места што се надвор од нашиот дофат. Нашите парични средства можат да се користат за воспоставување мисионерски активности во нови области. Затоа, кога ќе се собира дарот во првата сабота за мисиите во светот, запомнете ја оваа потреба и дадете великодушно - и нека вашата вера биде богато наградена!

***Генерална конференција оддел за мисионство***

# Плашете се само од Бога

**„Просудете дали е справедливо пред Бога вас да ве слушаме повеќе отколку Бог; зашто ние не можеме да не зборуваме за она што сме го виделе и чуле” (Дела 4:19,20).**

„По излевањето на Светиот Дух, учениците, облечени во оружје Божјо, излегле како сведоци, за да ја раскажат прекрасната историја за јаслите и крстот. Тоа биле скромни луѓе, но луѓе кои ја имале вистината”. – *Testimonies to Ministers, p. 66.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:* *Делата на апостолите, 60-69.*
*6. Сведоштво, 394-401.*

Недела 25. април

## 1. ДА СЕ ЖИВЕЕ СПОРЕД ЦЕЛОСНАТА СВЕТЛИНА

**а. Каков е нашиот повик во ова време на обнова која треба да се случи пред Христовото доаѓање? Дела 3:20-25. Објаснете ја нашата должност во врска со светлината што му е доверена на секој од нас поединечно. Дела 3:26.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Нашата одговорност е поголема од онаа на нашите предци. Ние сме одговорни за светлината и знаењето што тие ја примиле и нам ни ја предале во наследство, но и за дополнителната светлина, која сега допира до нас од Божјото слово”. – *Големата борба, 164.*

„Ако го напуштиме сведоштвото на Божјото слово и ако ги прифатиме лажните учења затоа што така учеле и нашите татковци, тогаш паѓаме под осудата изречена над Вавилон; пиеме од виното на неговото блудство”. – *Големата борба, 536.*

„Ти си одговорна само за начинот на кој, независно од останатите, ја користиш светлината која ја осветлува твојата патека. Недостатокот на посветеност кај другите нема да претставува никакво оправдување за тебе. Фактот дека тие ја изопачуваат вистината со својот погрешен став во животот, бидејќи не се посветени со неа, не ја намалува твојата одговорност”. – *2. Сведоштво, 490.*

## 3. ПОВРЕДЕНА ГОРДОСТ

**а. Како водачите во храмот реагирале на моќната порака што ја дал Петар? Дела 4:1-4.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

„Откако Христос воскреснал од мртвите, свештениците ја ширеле лажната вест низ целата земја дека учениците го украле Неговото тело додека римските чувари спиеле... Управителот на храмот и некои други служители во него биле садукејци. Тие биле многу возбудени од проповедањето на учениците. Тие сметале дека нивната омилена доктрина е загрозена, и нивната репутација е доведена во прашање...

Противниците на учениците не можеле да не поверуваат дека Христос воскреснал од мртвите. Доказите биле премногу убедливи за да се сомневаат. Сепак, многумина го стврднале своето срце, одбивајќи да се покајат за ужасното дело што го сториле осудувајќи го Христа на смрт. Кога сила од небото се спуштила врз апостолите на таков славен начин, стравот ги спречил еврејските водачи од насилство, но нивната горчина и злоба останале непроменети.

Пет илјади луѓе веќе ја прифатиле вистината проповедана од учениците, а фарисеите и садукеите заклучиле дека ако на овие учители им се дозволи да работат непречено, нивното влијание ќе биде загрозено дури и повеќе отколку кога Исус бил на земјата“. – *The Review and Herald, June 8, 1911.*

**б. Како гордоста и бунтот можат да доведат до духовно слепило? 2. Цареви 17:13,14.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

„Светиот Дух често се одбива затоа што доаѓа на неочекуван начин. На еврејските водачи им биле дадени многу докази дека апостолите зборувале и постапувале според божествената инспирација, но тие цврсто се спротивставиле на пораката за вистината. Христос не дошол како што очекувале, и иако на моменти биле убедени дека Тој е Божји Син, сепак тие го задушиле убедувањето и на крајот го распнале на крст. Бог во својата милост им дал дополнителни докази и уште една можност да се свртат кон Него. Тој ги испратил учениците да им кажат што сториле, и во тоа страшно обвинување дека го убиле Принцот на животот, повторно ги повикале на покајание. Но, чувствувајќи се сигурни во својата самоправедност, еврејските учители не биле подготвени да признаат дека луѓето што ги товарат за Христовото распнување зборувале водени од Светиот Дух“.– *The Review and Herald, June 8, 1911.*

## 4. ВИСТИНАТА ОТКРИЕНА

**а. Што барале еврејските водачи следниот ден, и како можеме навистина да бидеме вдахновени од храбрите, сеопфатни зборови на Петар? Дела 4:5-11.**

„Токму на тоа место и пред некои од тие исти луѓе Петар порано срамно се откажал од својот Господ и сега тој јасно си спомнал за тоа кога е изведен на ова судење. Сега му е дадена можност да се покае за својата некогашна страшливост.

Меѓу присутните имало и луѓе кои си спомнувале за држењето на Петар за време на судењето на неговиот Учител и сметале дека и сега ќе го заплашат со закани, со затвор и смрт. Но Петар, кој се откажал од Христа во мигот на неговата најголема неволја, кој бил избувлив и самоуверен човек, бил сосем поинаков од овој Петар кого сега го изведе пред Синедрионот заради сослушување. По својот пад, тој се обратил и наполно се изменил. Не бил веќе горделив и фалбаџија, туку скромен и без доверба во себе. Бил исполнет со Светиот Дух и решен со таа сила да ја отстрани дамката на својот отпад и да го прослави името од кое некогаш толку срамно се откажал”. – *Делата на апостолите, 62,63.*

**б. Која била незаборавната кулминација на одговорот на Петар и како тој издржува и денес пред опасните популарни теории? Дела 4:12.**

„Постои само една сила која може да ја скрши моќта на злото во човечкото срце, а тоа е Божјата сила низ Исуса Христа. Само со крвта на Распнатиот можеме да се очистиме од гревот. Единствено Неговата благодат може да нè оспособи да се спротивставиме на склоностите на нашата падната природа и да ги покориме. Спиритистичките теории за Бога ја отфрлаат оваа сила на делување. Ако Бог е суштество што проникнува во целата природа, тогаш Тој е во сите луѓе; и за да постигне светост, човекот не треба да направи ништо друго, туку само да ја развива силата што е во него...

Овие теории, следејќи ги своите логични заклучоци, го уништуваат целокупниот систем на христијанството. Тие ја отфрлаат потребата за откупување и човекот го прават негов спасител. Овие теории за Бога го поништуваат Божјото Слово и тие што ги прифаќаат запаѓаат во голема опасност на крај целата Библија да почнат да ја сметаат за измислица...

Самата човечка волја без помош (од Бога) навистина нема сила да се спротивстави на злото и да го победи. Срушена е одбраната на душата. Човекот повеќе нема ништо што ќе го брани од гревот. Ние не знаеме колку длабоко може да падне и да потоне човекот кој го отфрлил ограничувањето на Божјото Слово и Неговиот Дух”. – *8. Сведоштво, 291,292.*

## 4. СИЛА ВО СВЕТОТ

**а. Зошто еврејските водачи биле воодушевени од Петар и Јован, и на какво размислување, со молитва, ова треба да нè наведе сите нас, и проповедниците и обичните луѓе? Дела 4:13,14; 1. Коринтјаните 1:27.**

______________________________________________________________________

„По Христовото вознесување, најучените луѓе, старешините, свештениците и теолозите ги слушале со вчудовидување зборовите на мудрост и сила кои ги зборувале неуки и скромни луѓе. Овие мудри луѓе се восхитувале на успехот на понизните ученици, и конечно, на свое задоволство, дошле до констатација дека тоа е така заради фактот дека тие биле со Исуса и од Него учеле. Нивниот карактер и едноставноста на нивното учење биле слични на Христовиот карактер и учење...

Човечкото срце е најчесто полно со горделивост и суета. До промена и реформа во тој поглед може да дојде само благодарение на влијанието и делувањето на Божјата благодат.

Твоја задача, мој брате, е самиот да се понизиш, а не да чекаш Бог да те понизи. Божјата рака понекогаш тешко ги притиска поединците, за во понизност пред Него да го заземат местото кое по правило им припаѓа; но колку е подобро во своето срце секој ден да сме понизни пред Бога! На нас е или самите да се понизиме, или во својата горделивост ќе чекаме сè додека Бог не нè понизи. Проповедниците на евангелието денес малку поднесуваат поради вистината. Кога би биле прогонети како апостолите и светите Божји луѓе во подоцнежните времиња, тогаш поцврсто би се држеле за Христа и таа тесна поврзаност со Спасителот би дала на нивните зборови поголема сила и влијание во светот“. *– 4. Сведоштво, 378,379.*

**б. Во својата збунетост, на што биле принудени свештениците? Дела 4:15-18.**

______________________________________________________________________

**в. Каков бил храбриот одговор на учениците, и што единствено им преостанало на свештениците? Дела 4:19-22.**

„Свештениците со задоволство би ги казниле овие луѓе поради нивната непоколеблива преданост кон нивниот свет позив, но се плашеле од народот. ‘Тие се исполнија со восхит и беа вон себеси поради тоа што му се случи’. И така, откако повторно им ги нагласиле заканите и судската забрана, сепак, апостолите се пуштени на слобода“. *– Делата на апостолите, 67.*

Четврток 29. април

## 5. ХРАБРО ДА СТОИШ ЗА ХРИСТА

**а. Каде отишле учениците по нивното ослободување, и како можеме да бидеме вдахновени од нивната молитва? Дела 4:23-30. Што се случило како резултат на тоа? Дела 4:31.**

**б. Како и со реформаторите во минатите векови, каква треба да биде молитвата на оние, на кои им е доверена свечената вистина за сегашното време? Псалм 60:3-5.**

„Во 1529. година, кога германските кнезови се собрале во Шпаер, објавен е царски едикт со кој се ограничува верската слобода и се забранува натамошното ширење на науката на реформацијата. Се чинело дека надежта на светот ќе биде уништена... Дали многу илјадници луѓе, кои сѐ уште се наоѓале во мрак, ќе бидат лишени од евангелската светлина? Во прашање бил исход од огромно значење за светот. Оние што ја прифатиле реформираната вера се обединиле и донеле еднодушна одлука: 'Го отфрламе овој декрет. Во прашањата на совеста мнозинството нема власт'.

И ние денеска мораме решително да се придржуваме кон ова начело. Знамето на вистината и на верската слобода, кое во минатите векови основачите на евангелската црква и Божјите сведоци го држеле толку високо, во овие последни судири доверено ни е токму нам. Одговорноста за тој голем дар лежи врз оние што ги благословил Бог со познавање на неговата Реч. Таа Реч ние мораме да ја примиме како врховен авторитет. Човечката власт мораме да ја признаеме како институција од Бога одредена и покорувањето на власта да ја проповедаме како света должност во границите на нејзините легитимни права. Но, кога нејзините барања ќе дојдат во судир со Божјите барања, ние мораме да му се покориме на Бога а не на луѓето. Божјата реч мора да се признае како нешто што е над секое човечко законодавство. Геслото: 'Така кажува Господ' не смее да му го отстапи местото на вообичаеното: 'Така кажува црквата' или 'така кажува државата'. Христовата круна мора да се издигне над било каква власт на земните силници". – *The Signs of the Times, October 26, 1888.*

Петок 30. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Која е мојата должност дури и кога другите верници не ги извршуваат своите христијански должности?**
2. **Какво искушение може да ме доведе во опасност да го отфрлам Светиот Дух?**
3. **Како можам да добијам шанса поразот да го претворам во победа, како што тоа го сторил Петар?**
4. **Како можам да добијам храброст од сведоштвата на апостолите соочени со закани?**
5. **Зошто учењето на протестантската реформа е извор на сила?**

# Вистинска несебичност

**„Не грижете се секој само за себе, туку и за другите!" (Филипјаните 2:4).**

„Кога оние кои го носат Христовото име ќе го спроведат на дело начелото на ова златно правило, истата сила која го пратила делото на Евангелието во времето на апостолите ќе се открие и сега". – *Мисли од гората на блаженството, 137.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:* *5. Сведоштво, 148–157.*
*Делата на апостолите, 70-76.*

Недела 2. мај

## 1. ОД БОГА ВДАХНОВЕНА МИЛОСТ

**а. Опишете ја искрената љубов на ранохристијанската црква. Дела 4:32-35.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Додека учениците ги објавувале вистините на евангелието во Ерусалим, Бог нивните зборови ги потврдувал со чуда и мнозина поверувале. Под влијание на верскиот фанатизам и ограниченост на Евреите, голем број меѓу тие први верници веднаш биле исфрлени од своите семејства и од кругот на своите пријатели па било неопходно ним да им се даде храна и засолниште.

Библиските записи сведочат дека 'ниту еден меѓу нив не беше сиромашен' и дека нивните потреби биле задоволени. Оние меѓу верниците што имале пари и имот, радо ги жртвувале за да ги задоволат потребите на сите...

Таа великодушна дарежливост на верниците била последица од излевањето на Светиот Дух. Оние што го прифатиле евангелието биле 'едно срце и една душа'. Нив ги раководела една заедничка желба -успехот на мисијата што им била доверена, и алчноста немала место во нивниот живот. Големата љубов кон браќата и кон делото што го прифатиле била многу поголема од љубовта кон парите и имотот. Со своите дела тие сведочеле дека вредноста на човечката душа ја ценат повеќе од секое земно богатство. Така е секогаш кога Божјиот Дух владее со човечкото срце и живот". – *Делата на апостолите, 70,71.*

## 2. ОТКАЖУВАЊЕ ОД МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

**а. Зошто можеме да бидеме вдахновени од радосната подготвеност на учениците од ранохристијанската црква да споделат сè со своите браќа и сестри? 1. Јованово 3:11,16; Филипјаните 2:3,4.**

____________________________________________________________

„Оние, чиишто срца ги исполнува Христовата љубов, ќе го следат примерот на Оној кој осиромашил за ние да се збогатиме со неговото сиромаштво. Парите, времето, угледот и влијанието-сите дарови што ги примиле од Божјите раце-тие ќе ги ценат само како средство за напредок на неговото дело. Така било во првата црква. А кога во црквата на нашите денови ќе се покаже дека верниците, благодарение на силата на Духот, се одвратиле од земните работи и дека се подготвени да поднесат жртва за нивните ближни да можат да го слушнат евангелието, тогаш објавувањето на вистината ќе има силно влијание врз слушателите”. – *Делата на апостолите, 71.*

„Пребарајте го и небото и земјата, и нема да најдете посилно откривање на вистината од ова, а тоа се гледа во делата на милосрдието кон оние на кои им е потребно нашето соучество и нашата помош. Тоа е онаа вистина каква што е во Исуса”. – *Мисли од горатa на блаженството, 137.*

**б. Наведете еден вистински пример за ваков вид милост на дело, за разлика од друг пример за кој во почетокот само Бог знаел дека е лажен. Дела 4:36,37; 5:1.**

____________________________________________________________

„Во остра спротивност со великодушноста и со доброчинствата на тогашните верници била постапката на Ананија и Сафира, чиешто однесување е забележано со перото на вдахновението. Нивната постапка остава темна дамка во историјата на првата црква. Тие таканаречени ученици, заедно со другите имале предимство да го чујат евангелието што го пропове¬дале апостолите. Тие со другите верници биле присутни кога, по молитвата на апостолите, се затресло ‘местото каде што беа собрани и сите се наполнија со Свети Дух’. Сите присутни биле длабоко осведочени, и под силно влијание на Божјиот Дух Ананија и Сафира сториле завет дека на Господа ќе му ги да¬дат парите од една своја нива што ја продале (Дела 4:31)”. – *Делата на апостолите, 71,72.*

## 3. ОД СРЦЕ ИЛИ НЕ?

**а. Што направиле Ананија и Сапфира со приходите од имотот што го ветиле дека ќе го донираат на црквата, и зошто? Дела 5:2.**

___

„Меѓутоа, Ананија и Сапфира подоцна го ожалостиле Светиот Дух, оддавајќи се на грев и лакомост. Почнале да жалат што воопшто дале завет и набргу го загубиле благотворното влијание на благословот што ги загреал нивните срца со желба да сторат нешто големо во полза на Христовото дело. Им се чинело дека избрзале и дека мора повторно да размислат за својата одлука. Разговарале за тоа и решиле да не го исполнат своето ветување. Меѓутоа, забележале дека верниците високо ги ценат оние што изделуваат од својот имот за да ги задоволат потребите на своите сиромашни браќа. Сакајќи браќата да не дознаат дека нивните себични души мрморат поради она што свечено му го ветиле на Бога, тие решиле да ја продадат нивата и, препраавајќи се дека сите пари ги приложуваат во заедничкиот фонд, всушност голем дел задржале за себе. Сметале дека на тој начин ќе си обезбедат себеси издржување од заедничките средства и едновремено ќе се здобијат со висока почит кај своите браќа”. – *Делата на апостолите, 72.*

**б. Од кои плитки мотиви мора да се пазиме сите? Јован 12:43.**

___

„Бог не сака твојата светлина да свети така што твоите добри зборови и дела да ти донесат пофалби од луѓето; туку да биде прославен и издигнат Зачетникот на секое добро. Во својот живот Исус им дал на луѓето модел на карактер. Колку мала моќ имал светот врз Него, за да го обликува според своите стандарди! Целото негово влијание било отфрлено. Тој изјавил: ‘Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме пратил и да го извршам Неговото дело’. Ако бевме толку посветени на Божјото дело, правејќи го тоа само за да ја зголемиме Неговата слава, ние ќе можевме да кажеме со Христа: ‘Јас не барам Своја слава’. Неговиот живот бил полн со добри дела и наша должност е да живееме така, како што живеел нашиот голем Пример. Нашиот живот треба да биде сокриен со Христа во Бога, и тогаш светлината ќе се рефлектира од Исуса кон нас и ние ќе ја рефлектираме на оние околу нас, не само во разговори и изјави, туку во добри дела и со манифестирање на Христовиот карактер”. – *Reflecting Christ, p. 41.*

## 4. ДРАСТИЧНИ МЕРКИ

**а. Како треба да го сфатиме и разбереме проблемот со Ананија и Сапфира? 2. Коринтјаните 9:7; Дела 5:3,4.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Врз Ананија не бил вршен никаков притисок својот имот да го жртвува за општото добро. Тој постапил по своја слободна волја. Но, обидувајќи се да ги измами учениците, тој го излагал Семожниот". – *Делата на апостолите, 73.*

„Сатаната ги навел Ананија и Сапфира да го излажат Светиот Дух. Луѓето кои не се посветиле целосно на Бога можат да му служат на сатаната, но сепак тие си ласкаат дека му служат на Христа". – *5. Сведоштво, 103.*

„Но срцата на луѓето стануваат тврди поради себичноста и тие, како Ананија и Сапфира, паѓаат во искушение еден дел да задржат за себе, преправајќи се едновремено дека ги исполнуваат Божјите барања. Мнозина растурливо ги трошат парите за да ги задоволат своите незаситни желби. Мажите и жените водат сметка само за своите задоволства, за телесните склоности, за своите незауздани желби и за својот личен вкус, додека на Бога му даваат мошне нерадо и скржаво. Тие заборавaат дека Бог еден ден ќе побара точно да му дадат сметка како ги употребувале неговите добра и дека нивниот дар, како некој вид милостина што ја приложуваат во неговата ризница, нема да го прими, исто онака како што не го примил дарот на Ананија и Сапфира". – *Делата на апостолите, 75.*

**б. Објаснете го драстичниот начин на кој Господ морал да ја заштити својата рана црква од намерите на овој лицемерен пар, и зошто. Дела 5:5-10; Матеј 6:24.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Во својата бесконечна мудрост Бог видел дека вака очигледниот доказ на неговиот гнев бил потребен за младата црква да се сочува од растурање. Бројот на верниците нагло се зголемувал. Црквата би се изложила на опасност ако кон брзиот пораст на обратеници би пристапиле оние што тврдат дека му служат на Бога, а всушност му служат на мамонот. Таа казна докажува дека Бог не може да се прелаже, дека Тој ги открива гревовите скриени длабоко во срцето и не дозволува некој да му се подбива. Тоа требало да послужи како опомена за целата црква да се чува од преправање и од лицемерство и да не го закинува Бога". – *Делата на апостолите, 73,74.*

Четврток 6. мај

## 5. ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА НАС ДЕНЕС

**а. Каков минимум бара Бог од нас денес во врска со нашите финансии и ветувања? Проповедник 5:4-6; Малахија 3:8-12.**

______________________________________________________________________

„На луѓето треба да им се втисне во душата светоста на нивните завети и ветувања за Божјото дело. Таквите ветувања обично не се сметаат за толку задолжителни како писмените обврски од човек на човек. Но, дали ветувањето е помалку свето и помалку задолжително затоа што му е дадено на Бога? Дали христијанинот, во отсуство на некои технички клаузули и законски обврски, треба да ги занемари обврските што ги дал усно? Ниту еден правен документ или договор не е повеќе обврзувачки од заветот со кој нешто е ветено за Божјото дело”. *– The SDA Bible Commentary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1056.*

„Новиот завет не го донесува одново законот за десетокот, ниту за саботата, бидејќи нивната валидност се подразбира, нивното длабоко духовно значење е веќе објаснето”. *– Counsels on Stewardship, p. 66.*

„Срцата на луѓето стануваат тврди заради себичноста и тие како Ананија и Сафира доаѓаат во искушение да задржат еден дел притоа зборувајќи дека го извршуваат законот за десетокот”. *– 5. Сведоштво, 150.*

„Во случајот на Ананија и Сафира гревот, односно лагата и измамата на Бога бил секавично казнет. Истиот грев често е повторуван во подоцнежната историја на црквата, а мнозина го прават и во наше време. Но, иако веднаш не се покажува видлив знак на Божје негодување, тој грев исто толку е одвратен пред Божјото лице како што бил и во деновите на апостолите. Опомената е дадена: Бог јасно покажал колку одвратен му е тој грев, и сите што се преправаат или се алчни, можат да би¬дат сигурни дека со тоа ја уништуваат својата душ”. *– Делата на апостолите, 76.*

Петок 7. мај

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да го развијам и негувам ставот манифестиран во Дела 4:32-35?**
2. **Објаснете ја разликата помеѓу дарот на Јосиф, Варнава и на Ананија?**
3. **Кои мотиви ги натерале Ананија и неговата сопруга да го излажат Светиот Дух?**
4. **Зошто Дарителот на животот го убил виновниот пар, и зошто тоа не го прави денес?**
5. **Што треба да сфатам за моите завети, ветувања, десетоци и дарови?**

# Дарот на храброст

**„И секој ден во храмот и по куќите не престануваа да поучуваат и да благовестат дека Исус е Христос” (Дела 5:42).**

„Дозволете им на луѓето да сфатат дека имате порака што за нив значи живот, вечен живот, ако ја прифатат. Ако нешто треба да ја воодушеви душата, тоа е објавувањето на последната порака на милоста кон светот што пропаѓа“. – *Evangelism, p. 297.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 77-86.*

Недела 9. мај

## 1. СÈ НА ОЛТАРОТ

**а. Како пресудата на Ананија и Сапфира влијаела врз верниците? Дела 5:11. Што секој од нас треба да разгледа во врска со својот имот денес?**

________________________________________________________________

„Во времето на неволјите, куќите и земјата нема да им бидат од никаква корист на светиите, бидејќи ќе мораат да бегаат од разбеснетата толпа; нивниот имот тогаш нема да може да се употреби за унапредување на делото на сегашната вистина. Покажано ми е дека Божја волја е светиите, пред да дојде времето на неволјите, да се ослободат од она што ги оптоварува и со Господа да направат завет на жртва. Ако сè што имаат го положат на олтарот и сесрдно го запрашаат Господа за својата должност, Тој ќе ги поучи кога треба да се ослободат од својот имот. Така во времето на неволјите ќе бидат слободни, без ништо што би ги оптоварувало и успорувало.

Видов дека доколку некои се држат за својот имот и не прашуваат од Господа што треба да направат, Тој нема ни да им укаже на должноста. На нив ќе им биде дозволено да го задржат она што го имаат, но во времето на неволјите тоа ќе им се попречи на нивниот пат и како планина ќе им се закани дека ќе ги сотре; тие тогаш ќе се обидат да го распродадат својот имот, но нема да бидат во состојба тоа да го направат. Слушнав како некои се јадосуваат: „Делото Божјо малаксуваше и Божјиот народ гладуваше за вистината, а ние не вложивме никаков напор да го надоместиме тој недостиг; сега нашите имоти се бескорисни. О, да ги бевме дале тогаш и на тој начин да собиравме благо на небото!“. – *Рани списи, 56,57.*

## 2. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДУХОВНАТА БИТКА

**а. Како може да бидеме вдахновени гледајќи како Светиот Дух делувал во Ерусалим во времето на раната црква? Дела 5:12-16.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Ние треба да се приближиме до луѓето преку лични залагања. Успехот ќе биде поголем, ако посветиме помалку време за проповедање, а повеќе во лична служба. На сиромашните треба да им се помогне, болните треба да бидат згрижени, тажните и нажалените треба да се утешат, неуките поучат, а неискусните посоветуваат. Треба да плачеме со оние што плачат и да се радуваме со оние што се радуваат. Таквото делување поткрепено со силата на убедувањето, силата на молитвата и силата на Божјата љубов, не може и нема да остане без плод.

Ние треба секогаш да имаме предвид дека целта на здравствено-мисионерската работа е да се насочат мажите и жените болни од грев кон Човекот од Голгота, Кој ги земал на Себе гревовите на светот. Гледајќи во Него, луѓето се менуваат и стануваат слични на Него. Ние треба да ги охрабриме болните и оние што страдаат, да гледаат кон Христа и да живеат“. – *Здравје и среќа, 143,144.*

**б. Кај кого непријателот на душите предизвикал страв и љубомора поради личните интереси, со цел да го спречи напредокот на делото - и како ова се случува и денес? Дела 5:17,18.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Мноштво од сите класи излегло да ги слуша проповедите на апостолите и сите биле излекувани од своите болести во името на Исус, чие име било толку омразено меѓу Евреите. Свештениците и поглаварите во своето спротивставување биле избезумени, бидејќи гледале дека болните се лекуваат, а Исус се возвишува како Принц на животот. Тие стравувале дека наскоро целиот свет ќе поверува во Него и дека потоа ќе ги обвинат за убиство на Семоќниот исцелител“. – *The Sanctified Life, p. 62.*

„Непријателот на секоја правда работел, и сè уште работи, користејќи ги сите средства што може да ги измисли за да ја попречи работата што треба да се направи за просветлување и едукација на луѓето; неговите сила се зголемуваат. Одложувањата му даваат предност на сатаната во ситуацијата, и овие одложувања предизвикале загуба на многу души. Господ не е задоволен со успорување на работата“. – *Evangelism, p. 227.*

## 3. БОЖЕСТВЕНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И АКЦИЈА

**а. Кога апостолите биле затворени заради вршење на Божјото дело, како интервенирал Господ, и што можеме да научиме од ова? Дела 5:19,20.**

___________________________________________________________________

„Но небесниот Бог, моќниот Владетел на вселената, ја презел работата во Свои раце; бидејќи луѓето се бореле против Неговото дело. Тој јасно им покажал дека има власт која е повисока од човечката и која мора да се почитува. Господ во ноќно време го пратил Својот ангел кој ја отворил вратата на затворот и ги извел луѓето на кои Бог им го доверил Своето дело. Властите рекле: ‘воопшто да не зборуваат, ниту пак да го учат народот во името на Исус’ (Дела 4:18), но небесниот гласник што го пратил Бог рекол: ‘Одете, застанете во храмот и кажувајте му ги на народот сите зборови за овој живот’ (Дела 5:20).

Тие што сакаат да ги присилат луѓето на покорување на една папска институција и на газење на Божјиот авторитет постапуваат исто како и еврејските водачи во деновите на апостолите. Кога законите на земните власти се во судир со законите на Највисокиот Законодавец во вселената, тогаш тие што се верни поданици на Бога ќе му останат верни Нему.

Ние како Божји народ не сме го извршиле делото што Тој ни го довери. Не се подготвивме за борбата која ќе мораме да ја издржиме кога неделниот закон ќе стапи на сила. Ние сме должни кога ќе ги забележиме знаците за опасноста која се приближува да станеме на работа. Никој нека не го очекува злото рамнодушно, тешејќи се дека делото ќе напредува затоа што така е проречено во пророштвото и дека Господ ќе го штити Својот народ. Ние не ја вршиме Божјата волја ако седиме со скрстени раце и не правиме ништо за да ја сочуваме слободата на совеста. Треба да упатуваме сесрдни молитви кон небото за да се одложи тоа додека не го извршиме делото кое толку долго беше запоставувано. Да се молиме најсесрдно и потоа да го прифатиме делото во согласност со нашите молитви“. – *5. Сведоштво, 713,714.*

**б. Како апостолите одговориле на Божјиот налог? Дела 5:21 (прв дел). Каков бил резултатот? Дела 5:21-26.**

„Ако свештениците и поглаварите се осмелеа да ги пројават своите чувства кон апостолите, ќе имаше поинаков запис; зашто ангелот Божји беше набљудувач во таа прилика, за да го прослави Неговото име, доколку пробаа било какво насилство над Неговите слуги“. – *Testimonies to Ministers, pp. 71, 72.*

## 4. ИЗРАЗУВАЊЕ НА ВРВНА ПОСЛУШНОСТ

**а. Што можеме да научиме од Петар соочен со спротивставувањето? Дела 5:27-29.**

___

„Во нивните зборови и во нивното држење, кога и по вторпат биле изведени пред луѓето кои ја барале нивната смрт, немале ниту малку страв и нерешителност.“ *– Делата на апостолите, 81.*

„Наша должност е во сè да се покоруваме на законите на нашата земја, освен кога тоа е во спротивност со повисоките заповеди што Бог ги изговорил со јасен глас од планината Синај, а потоа со Својот прст ги запишал на камен. „Ќе ги ставам Моите закони во нивните мисли и ќе ги напишам во срцата нивни, и ќе им бидам Бог, и тие ќе бидат Мој народ”. Оние, кај кои Божјиот закон е запишан во нивното срце, со поголемо задоволство ќе Му се покоруваат на Бог, отколку на луѓето и попрво ќ е ја откажат својата послушност на секој човек, отколку и најмалку да отстапат од Божјите заповеди“. *– 1. Сведоштво, 361.*

„Десетте заповеди на Јехова претставуваат основа на сите праведни и добри закони. Оние што ги љубат Божјите заповеди ќе се прилагодат на секој добар закон на својата земја. Меѓутоа, ако барањата на властите доаѓаат во судир со Божјите закони, единствено прашање што во тој момент треба да се реши е: Дали ќе му бидеме послушни на Бога, или на човекот?“ *– 1. Сведоштво, 361,362.*

**б. Како апостолите понатаму го објасниле евангелието и ја откриле најважната тајна за тоа како да се прими Светиот Дух? Дела 5:30-32.**

„Оние што ќе му ги посветат својата душа, тело и дух на Бога, прочистувајќи ги своите мисли со почитување на Божјиот закон, постојано ќе добиваат нови количини на физичка и ментална сила. Нивните срца копнеат по Бога и ќе направат искрени молитви кон небото за да добијат појасна перцепција за да можат да ја препознаат службата и делото на Светиот Дух. Не е наше да го користиме Светиот Дух, но Светиот Дух треба да ни служи, обликувајќи и прилагодувајќи ја секоја наша способност.“ *– Counsels on Sabbath School Work, p. 40.*

„Пред нас е голема работа што треба да се изврши во секоја црква. Верниците треба да бидат целосно посветени на Бога, покажувајќи послушност кон секоја црта и секоја буква од Неговиот свет закон. Така тие ќе станат Негови соработници, исполнети со сета Божја полнота. Самозадоволниот, себичен дух, кој ги наведува луѓето да се стремат кон моќ, треба да биде протеран од душата. Секоја несвета амбиција треба да се остави по страна.“ *– Manuscript 162, 1905.*

Четврток 13. мај

## 5. БОЖЕСТВЕНО ВОДСТВО

**а. Како Господ ја искористил мудроста на еден зрел фарисеј да го вразуми соборот во својот бес против христијаните? Дела 5:33-39. Зошто можеме да бидеме навистина вдахновени од резултатот? Дела 5:40-42.**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

„Учениците биле само скромни луѓе, без богатство и без никакво друго оружје, освен Божјата реч. Но тие сепак со Христовата сила успеале да ја објават чудесната историја од јаслите до крстот и триумфално да ѝ преодолеат на секоја противничка сила. Без земни почести и признанија, тие биле херои на верата. Од нивните усни излегувале зборови на божествена убедливост-зборови што го потресле светот“. – *Делата на апостолите, 77.*

„Каде лежела силата на оние кои во минатото биле прогонувани заради Христа? Во единството со Бога, со Христа и со Светиот Дух. Нападите и прогоните мнозина одвоиле од земните пријатели, но никогаш не од Христовата љубов. Душата која се бори во борбата на искушенијата никогаш на Спасителот не му била помила отколку кога е изложена на напади поради вистината. ‘И јас ќе го љубам’, вели Христос, ‘и јас самиот ќе му се објавам’ (Јован 14:21). Кога верникот седи на обвинителна клупа поради вистината, Христос стои крај него. Кога се наоѓа меѓу затворски ѕидови, Христос му се открива и со својата љубов го загрева неговото срце. Ако поаѓа и во смрт заради Христа, Спасителот му вели: ‘Но бидете храбри, јас го победив светот’ (Јован 16,33)“. – *Делата на апостолите, 85,86.*

„Небесна светлина можеме да примиме само ако сме волни да ја отфрлиме себичноста и сопственото јас. Можеме да го спознаеме Божјиот карактер и да го прифатиме Христа преку вера, само ако се согласиме секоја мисла да ја потчиниме на Христа. На сите што го прават тоа, Светиот Дух им се дава без мерка“. – *Maranatha, p. 117.*

Петок 14. мај

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба сите да сфатиме за нашите земни поседи?**
2. **Освен проповедањето, опишете ја нашата работа како христијански мисионери?**
3. **Зошто Господ ги избавил апостолите од затворот?**
4. **Објаснете ја нашата должност кон земните власти, и кон нашиот Творец?**
5. **Што треба ние секогаш да имаме во предвид во пресрет на претстојното прогонство?**

# Постигнување на поголема ефикасност

**„И така, словото Божјо се ширеше, и бројот на учениците во Ерусалим се зголемуваше; и големо мноштво свештеници и се покори на верата" (Дела 6:7).**

„(Дела 6:7) Таков прилив на души настанал благодарение на големото заземање и на слободниот пристап што го обезбедиле апостолите како и на ревноста и силата што ги покажале седумтемина новозаветни ѓакони". – *Делата на апостолите, 90.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 87-101.*

Недела 16. мај

## 1. СОМНЕЖОТ ПОТТИКНАТ

**а. Бидејќи Господ направил црквата да расте, како сатаната потајно се прикрал во паднатата човечка природа за да предизвика раздор и криза? Дела 6:1.**

________________________________________________________________

„Срцата на оние кои биле преобратени со помош на апостолите биле смекнати и соединети со христијанска љубов. Наспроти поранешните предрасуди, сите биле сложни меѓу себе. Сатаната знаел дека сè додека тие живеат во меѓусебно единство и слога, тој не ќе може да го спречи ширењето на евангелието и затоа се трудел да ги користи нивните поранешни гледишта, надевајќи се дека на тој начин ќе успее да внесе елементи на раздор во црквата.

А кога бројот на учениците се зголемил, непријателот разбудил сомневање кај некои кои порано со завист ги гледале своите браќа во верата и изнаоѓале грешки кај своите духовни водачи, и така 'Грците се побунија против Евреите'. Причината за поплаки наводно била таа што грчките вдовици биле запоставени при секојдневното делење на храна. Секоја нееднаквост би била спротивна на духот на евангелието, но сатаната сепак успеал да разбуди недоверба". – *Делата на апостолите, 87,88.*

## 2. РЕШЕНИЕТО Е ПРОНАЈДЕНО

**а. Што треба да научиме од предложениот чекор кој требало да ги спречи апостолите да се одвратат од нивната задача да ја носат евангелската порака на светот? Дела 6:2-4.**

______________________________________________________________________

„Проповедникот не може да ја зачува најдобрата духовна свежина ако од него се бара да ги решава малите тешкотии во разни цркви. Ова не е работата на која тој е повикан. Бог сака да ја искористи секоја способност на своите избрани гласници. Нивниот ум не треба да се заморува со  долгите одборски состаноци во ноќните часови, бидејќи Бог сака сите нивни умни способности да се искористат во објавување на евангелието, јасно и моќно, како што е во Христос Исус...

Голема грешка е да се задржува проповедникот кој е надарен со сила да го проповеда евангелието, постојано да работи на деловни работи. Тој кој ја распространува Речта на животот, не треба да дозволи да му се наметнуваат премногу товари...

Со финансиските работи треба правилно да управуваат по можност способни деловни луѓе; но проповедниците и евангелистите се издвоени за друга насока на работата. Нека управувањето со финансиските работи се оставаат на други луѓе од оние кои се одвоени за работа на проповедање на евангелието“. – *Evangelism, pp. 91, 92.*

**б. Како црквата одговорила на оваа идеја, и каква корист гледаме од резултатот? Дела 6:5-7.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Именувањето на овие седуммина да надгледуваат посебна гранка на евангелското дело, се покажало како голема благодат за црквата. Тие служители совесно воделе грижа за потребите на поединците и за општите материјални интереси на црквата...

Дека тој чекор му бил по волја на Бога, се покажало веднаш во добрите резултати што уследиле (Дела 6:7)“. – *Делата на апостолите, 89.*

„Со години Господ нè упатувал да избереме мудри луѓе - луѓе кои се посветени на Бога, луѓе кои ги знаат начелата на небото, луѓе кои научиле што значи да се оди со Бога - и да им ја префрлиме одговорноста да се грижат за нашите деловни интереси кои се поврзани со нашата работа. Ова е во согласност со библискиот план, како што е наведен во шестата глава од Делата на апостолите. Треба да го проучиме овој план; затоа што Бог го одобрил“. – *The Review and Herald, October 5, 1905.*

## 3. ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОВИКОТ

**а. Опишете ги посебните квалификации на ѓаконот (одредена служба за која е потребно ракополагање, иако понекогаш оваа функција погрешно се применува кога се однесува на било кој служител или чувар на црковниот имот). 1. Тимотеј 3:8-13.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Фактот што тие браќа биле ракоположени да се грижат за потребите на сиромасите, за нив не претставувал никаква пречка да го проповедаат и евангелието. Напротив, тие секогаш биле склони да ги упатуваат луѓето на вистината и сесрдно и со голем успех се посветиле на таа работа.

На првата црква ѝ било доверено дело што добивало сè поголем обем. Нивна задача била да организираат центри на светлина и благослови секаде каде што има искрени души подготвени да ѝ се посветат на Христовата служба“. – *Делата на апостолите, 90.*

**б. Што можеме сите ние да научиме од особините кои го направиле Стефан особено ефикасен во неговиот повик како ѓакон? Дела 6:8; 2. Тимотеј 2:15.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Првиот од седуммината ѓакони, Стефан, бил човек со длабока побожност и со силна вера. Иако по потекло бил Евреин, тој зборувал грчки и бил запознат со обичаите, со стилот и однесувањето на Грците. Така му се дала можност да го проповеда евангелието во синагогите на грчките Евреи. Бил мошне активен во Христовото дело и бестрашно ја исповедал својата вера. Учените рабини и најистакнатите законици се впуштале со него во јавни дискусии, очекувајќи со сигурност лесна победа. Но ‘не можеа да ѝ се противставаат на мудроста на Духот со кој тој зборуваше’“. – *Делата на апостолите, 97.*

„Работниците мораат да имаат разновидно искуство ако сакаат да растат во благодатта и познавањето на вистината. Ова најдобро се стекнува со широката дејност во нови полиња, на разни места, каде што ќе дојде во допир со разни, различно настроени луѓе и каде што ќе биде потребно да ја сосредоточи својата работа според желбите на многумина и различни духови. Тоа го наведува вистинскиот работник кај Бога и во Библијата да бара светлина, сила и мудрост, за да биде во состојба да одговори на потребите на луѓето“. – *2. Сведоштво, 642.*

„Божјиот Дух делува на умот и срцата на луѓето, и ние треба да работиме во хармонија со Него“. – *6. Сведоштво, 55.*

## 4. ПРОГОНСТВОТО НЕ Е ИЗНЕНАДУВАЊЕ

**а. Вриејќи од горчлива жолчка на завист, како непријателот на душите поттикнал лажно противење против Стефан? Дела 6:8-14.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Стефан, полн со вера, правеше големи чуда и знаци меѓу народот. Еврејските водачи биле уште побесни кога виделе дека дури и некои свештеници ги напуштаат нивните традиции и принесувањето жртви, а ја прифаќале големата Исусова жртва. Со сила што ја примал одозгора Стефан ги укорувал свештениците, а Исуса го величал пред нив. Тие не можеле да и се спротивставаат на мудроста и силата со која што зборувал и бидејќи не можеле ништо да најдат против него, ги наговориле луѓето лажно да сведочат како наводно го слушнале дека хули на Мојсеја и на Бога“. – *Рани списи, 197.*

**б. На кој начин нашиот Учител нè предупредил на вакви настани, и кои зборови на псалмистот можат да ни донесат надеж? Матеј 10:16,17; Псалм 31:18-20.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Срцата на луѓето ниту денес не се поблаги ниту понежни отколку што биле во времето кога Христос бил на Земјата. Тие ќе прават сè што е во нивна моќ помагајќи му на непријателот што погрубо да постапи со Христовите слуги, како што постапувале и со Христа додека бил на Земјата. Ќе ги камшикува со јазик на оговарање и лаги. Ќе ги критикува и обвинува токму поради оние напори кои ги преземаат по Негов налог. Раководејќи се од сомнежот, ќе им подметнува проневера и нечесност таму каде што сè е исправно и каде што се гледа совршена беспрекорност. На Божјите слуги ќе им бидат припишани себични мотиви и тогаш кога е потполно очевидно дека Тој ги води и дека се подготвени да го дадат дури и својот живот за напредок на Неговото дело, ако Тој тоа го побара“. – *4. Сведоштво, 234.*

**в. Што било забележително во врска со Стефан, кога бил обвинет? Дела 6:15.**

________________________________________________________________________

„Сјајната светлина на Христовото лице зрачела врз Стефан со таков сјај така што дури и неговите непријатели виделе како неговото лице сјае како лице на ангел“. – *Messages to Young People, p. 113.*

Четврток 20. мај

## 5. СВЕДОЧЕЊЕ ПРЕКУ МАЧЕНИШТВО

**а. Опишете ја реакцијата на советот, откако Стефан отворено го заклучил обемното излагање на бунтовната историја на еврејскиот народ. Дела 7:51-57. До каде ги довел нивниот бес? Дела 7:58,59.**

____________________________________________________________

**б. Зошто нашите срца можат да бидат загреани на крајот од тоа излагање? Дела 7:60.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Во сите векови Божјите избраници биле понижувани и прогонувани, но сепак, преку нивните неволји, знаењето за Бога се ширело на сите страни. Секој Христов ученик мора да стапи во овие редови и да го продолжи истото дело, знаејќи дека непријателите на делото не можат да сторат ништо против вистината, туку само за вистината. Бог сака вистината на сите да им стане позната, и да стане предмет на испитување и дискусија, дури и ако презирањето ги навело луѓето на тоа. Човечките умови мора да бидат потресени. Секој судир, секој укор, секој напор да се ограничи слободата на совеста, сето тоа се Божји средства да се разбудат умовите кои инаку би можеле да заспијат.

Колку пати ова се потврдило во животот на Божјите гласници! Кога благородниот и речит Стефан бил каменуван до смрт на поттик на Синедрионскиот совет, тоа не му нанело никаква загуба на делото на Евангелието. Небесната светлина која го осветлувала со слава неговото лице, и божественото сочувство со која дишела неговата смртна молитва, биле како остра стрела на осведочување за верски закоравениот член на Високиот совет кој тука присуствувал“. – *Мисли од горага на блаженството, 33,34.*

Петок 21. мај

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како непријателот се обидува да се меша дури и во добротворни дела?**
2. **Зошто ракополагање на ѓакони е толку корисно за локалните цркви?**
3. **Дури и ако не сум повикан да бидам ѓакон, што можам да научам од Стефан?**
4. **Во светлината на оваа лекција, зошто морам да бидам многу претпазлив ако зборувам за некого?**
5. **Иако работата на Стефан била прекината, зошто сè уште имала голема вредност?**

# Напред кон Самарија

**„Филип побрза, и, откако чу дека тој го чита пророк Исаија, му рече: 'Го разбираш ли тоа што го читаш?'" (Дела 8:30).**

„Ова искуство на Филип и на Етиопјанинот ни покажува на какво дело Бог го повикува Својот народ. Етиопјанинот ги претставува оној голем број на луѓе на кои им се потребни мисионери слични на Филип, мисионери кои ќе го слушаат Божјиот глас и ќе одат таму каде што Тој ги праќа. Во светот има луѓе кои го читаат Светото Писмо, но не можат да го разберат неговото значење. Потребни се мажи и жени кои го познаваат Бога за на овие луѓе да им го објаснат Божјото слово". *– 8. Сведоштво, 58.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 101-111.*

Недела 23. мај

## 1. ПОГРЕШНО НАСОЧЕН БЕС

**а. Со какви неволји се соочила црквата по каменувањето на Стефан и кој бил главната причина за тоа? Дела 8:1-3; 26:9-11.**

______________________________________________________________________

„За време на судењето и смртта на Стефана, Савле како да бил проникнат со избезумена ревност. Подоцна се лутел самиот на себе што дозволил тајно да се осведочи оти Бог го прославил Стефана токму во мигот кога луѓето му нанесувале најтежок срам. Савле продолжил да ја прогонува Божјата црква, прогонувајќи ги нејзините верници, фаќајќи ги во нивните домови и предавајќи им ги на свештениците и старешините да ги фрлат во затвор и да ги осудуваат на смрт. Неговата фанатична ревност во тоа прогонување им задавала страв и трепет на христијаните во Ерусалим. Римските власти не презеле ни¬какви посебни мерки за да му застанат на патот на тоа свирепо дело и тајно им помагале на Евреите за да ја задобијат нивната наклоност.

По смртта на Стефана, во знак на признание за уделот што го имал во тоа, Савле бил избран за член на Синедрионот. Извесно време бил силно оружје во рацете на сатаната, во неговата бунтовничка борба против Божјиот Син". *– Делата на апостолите, 101,102.*

## 2. КОГА СМЕ СООЧЕНИ СО ПРОГОНСТВО

**а. Како одговор на жестокото прогонство, што сторила црквата, и што треба да научиме од ова денес? Дела 8:4; Матеј 10:21-23.**

______________________________________________________________________

„’Моите саботи треба да ги пазите’, кажува Господ, ‘зашто саботата е знак меѓу Мене и вас од поколение до поколение’ (Излез 31:13). Никој не би смеел да се одрече од покорноста на Неговите заповеди за да го избегне прогонството. Но сите треба да ги имаат на ум Христовите зборови: ‘Ако ве падат од еден град, бегајте во друг’ (Матеј 10:23). Ако можете да се засолните, Немојте да дозволите да паднете во рацете на луѓе кои се обземени со Духот на антихристот. Треба да се направи сè што е во наша можност оние кои се подготвени да страдаат заради вистината да се спасат од прогонство и свирепост.

Христос е наш пример. Антихристот уште на небото се одлучил на бунт и тоа дело тој го продолжува и на земјата во синовите на непокорноста. Нивната завист и омраза кон тие што се покоруваат на четвртата заповед, ќе биде сè посилна и погорчлива. Но Божјиот народ не смее да го крие своето знаме. Тој не смее да ги заборави Божјите заповеди ниту да се поведува по мноштвото на зло, само за да живее полесно...

Но Бог ќе се одрече од секој што ќе се одрече од Него, за да го спаси својот живот. Во настојувањето да го спасат својот живот таквите ќе се одречат од вистината и со тоа ќе го изгубат вечниот живот“. – *9. Сведоштво, 230.*

**б. Кој вечен принцип ќе биде на сила до крајот на времето? Проповедник 11:1,2.**

______________________________________________________________________

„Сè додека на светот мора да му се дава веста на милост, ќе биде потребно да им се помага и на другите установи на сличен начин како и на нашите училишта. Додека трае времето на милост (проба) ќе се пружаат и прилики за колпортерска работа. Кога разните вероисповеди ќе се соединат со папството поради прогонство на Божјиот народ, евангелската колпортажа ќе отвори места во кои ќе постои верска слобода. Ако во некое место прогонствата станат толку жестоки, работниците треба да постапат според Христовото упатство: ‘Ако ве бркаат од еден град, бегајте во друг’ (Матеј 10:23). Ако и тука ве прогонуваат, одете на трето место. Бог ќе го води Својот народ и ќе направи Тој да биде на благослов за многу места. Ако нема прогонства, тие не би биле толку широко распространети да ја објавуваат вистината... Сè додека на небото не бидат изговорени зборовите: ‘Се сврши’, секогаш ќе има места за работа и срца за примање на веста“. – *6. Сведоштво, 478.*

## 3. НОВО СИГУРНО ЗАСОЛНИШТЕ

**а. Каде отишол Филип како мисионер, и со какви резултати? Дела 8:5-8. Што ни открива ова за душите кои навидум се наоѓаат на безнадежни места?**

___

„Спасителовата лична посета на Самарија и подоцна пофалбата на добриот Самарјанин, како и благодарната радост на лепрозниот Самарјанин, кој единствен од десетмината се вратил да му се заблагодари на Христа, имале големо значење за учениците. Таа поука длабоко се врежала во нивните срца. Укажувајќи им на нивната должност непосредно пред Своето вознесение, Исус заедно со Ерусалим и Јудеја ја споменал и Самарија, како места во кои тие најпрво треба да го проповедаат евангелието. Неговото учење ги подготвило да ја исполнат таа должност. Кога во име на својот Учител заминале во Самарија, виделе дека народот е подготвен да ги прими. Самарјаните слушнале за Христовите пофални зборови и за Неговите милосрдни дела кон припадниците на нивниот народ. Иако грубо се однесувале кон Него, се увериле дека Неговите мисли се исполнети со љубов кон нив и нивните срца биле придобиени. По вознесението на Спасителот, тие срдечно ги пречекале Неговите гласници и учениците собрале драгоцена жетва меѓу оние кои некогаш биле нивни најогорчени непријатели“. – *Копнежот на вековите, 488.*

„И кога неговите ученици биле протерани од Ерусалим, некои од нив во Самарија нашле сигурно прибежиште“. – *Делата на апостолите, 106,107.*

**б. Раскажете ја историјата на едно необично крштевање таму. Дела 8:9-13.**

___

„Луѓето опседнати од демони обично изгледаат како луѓе што многу страдаат; но има и исклучоци од ова правило. За да добијат натприродна моќ, некои доброволно се предаваат на влијанието на сатаната. Се разбира, тие немаат конфликт со демоните. Во оваа категорија спаѓале оние што имале дух на гатање - Симон гаталецот, Елима и девојката која ги следела Павле и Сила во Филипи.“ – *Големата борба, 516.*

**в. Зошто помошта на Петар и Јован била толку важна сега? Дела 8:14-17.**

___

„(Дела 8:14) Божјиот Дух чекал да ги просветли душите и да ги обрати кон вистината.“ – *8. Сведоштво, 57.*

## 4. МАНИПУЛАТИВНИ ЗАБЛУДИ

**а. Како бил откриен маскираниот дух на Симон волшебникот, до тогаш крстен член на црквата - и како сме предупредени за ваков вид на окултен спиритизам што го злоупотребува името на Христос? Дела 8:18-24; Откровение 16:13,14.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„(Откровение 16:13,14). Со исклучок на оние што ќе ги сочува Божјата сила со вера во Неговото слово, во оваа измама ќе биде вовлечен цел свет. Народот, успиен во кобна сигурност, ќе се разбуди дури тогаш кога врз него ќе почне да се излева Божјиот гнев“. – *Големата борба, 562.*

„Наскоро на небото ќе се видат страшни појави со натприроден карактер, како знак на моќта на демоните кои прават чуда. Духовите ѓаволски ќе одат кај земните цареви по целиот свет да ги измамат и да ги поттикнат да се здружат со сатаната во неговата последна битка против небесното владеење. Така со помош на овие орудија, владетелите и нивните поданици ќе бидат измамени. Ќе се појават луѓе кои ќе се преправаат дека се Христос и ќе бараат чест и обожавање што му припаѓаат само на Спасителот на светот. Тие ќе извршат чудесни исцелувања и ќе тврдат дека од небото добиле откровенија кои се во спротивност со сведоштвата на Светото Писмо.

Како круна во големата драма на измама, самиот сатаната ќе се прикаже како Христос. Црквата долго тврдела дека го чека доаѓањето на Спасителот како исполнување на нејзините надежи. Сега големиот измамник ќе создаде впечаток дека Христос веќе дошол. Во различни делови на светот, сатаната ќе се појави меѓу луѓето како величествено суштество со заслепувачки сјај, слично на описот на Божјиот Син во Јовановото Откровение (Откровение 1:13-15). Славата што ќе го опкружува ќе го надмине сето она што некогаш виделе смртните очи... Со благ и чувствителен тон ќе изнесува некои прекрасни небесни вистини што ги изговорил Спасителот. Ќе лекува болести кај народот, а потоа, имитирајќи го Христовиот карактер, ќе тврди дека саботата ја променил во недела и на сите ќе им заповеда да го празнуваат денот кој Тој го благословил. Ќе каже дека оние кои упорно го празнуваат седмиот ден, го обесчестуваат неговото име, зашто одбиваат да ги слушаат неговите ангели што ги пратил кај нив со светлина и вистина. Ова ќе биде силна, речиси неодолива измама. Како и Самарјаните, кои биле измамени од Симон вражарот, народот, од најмалиот до најголемиот, ќе поверува во оваа магиска измама, велејќи: ‘Овој е голема Божја сила’ (Дела 8:10)“. – *Големата борба, 624,625.*

Четврток 27. мај

## 5. ПРИМЕР ЗА НАС

**а. Зошто можеме да бидеме мотивирани од начинот на кој Светиот Дух го водел Филипа кон една искрена душа, во потребата за одговори кои тој можел да и ги даде? Дела 8:26-31,35.**

________________________________________________________________

„Кога Бог му укажал на Филипа на неговата задача, ученикот не рекол: ‘Господ не го мисли тоа’. Не, тој ‘стана и си замина’. Тој ја научил лекцијата за усогласеност со Божјата волја. Сфатил дека секоја душа е драгоцена во Божји очи, и дека ангелите се испратени да ги доведат оние што ја бараат светлината, во контакт со оние што можат да им помогнат...

Светиот Дух ќе ги води и насочува оние кои се подготвени да одат таму каде што Бог ќе ги повика и да ги кажат зборовите што Тој им ги дава...

Иако можеби сте слаби, заблудени и грешни, Господ ви нуди да соработувате со Него. Тој ве поканува да ги прифатите божествените упатства. Соединети со Христос можете да ги правите Божјите дела. ‘Без мене’, вели Христос, ‘не можете да направите ништо’. Преку пророкот Исаија, ни беше дадено ветување: ‘Твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе те придружува’.

Проучете го ова ветување, вие членови на црквата на живиот Бог, и размислете како вашиот недостаток на вера, духовност и божествена моќ го попречува доаѓањето на Божјото царство. Ако тргнете да го извршите Божјото дело, Божјите ангели ќе ви го отворат патот, подготвувајќи ги срцата да го примат евангелието. Ако секој од вас беше жив мисионер, пораката за ова време брзо ќе се објавеше во сите земји, на секој народ, нација и јазик. Ова е работата што мора да се изврши пред Христос да дојде во сила и голема слава. Ја поканувам црквата да се моли искрено, за да ги разберете своите одговорности. Дали секој од вас лично соработува со Бога? Ако не, зошто не? Кога мислите да ја извршите работата назначена од небото“. – *The Review and Herald, March 2, 1911.*

Петок 28. мај

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што понекогаш се случува кога некое лице ќе ја одбие светлината испратена од небото?**
2. **Ако се соочувам со тешкотии на одредено место, што можеби Бог се обидува да ми каже?**
3. **Каде има блиску до мене „Самарија“, која можеби е отворена за вистината?**
4. **На кои начини непријателот на душите ќе го користи спиритизмот за да ги зароби луѓето?**
5. **Како да барам можности, какви што Бог му дал на Филип?**

Сабота, 5. јуни 2021.

# Дар во првата сабота за централата во ДР Конго



Демократска Република Конго (порано позната како Заир) е огромна земја во централна Африка, со површина од 2.345.410 км2, што ја прави најголема земја во субсахарска Африка, втора по големина во Африка и единаесетта по големина во светот. Државата со биолошка разновидност, со околу 80 милиони хектари обработливо земјиште и над 1.100 минерали и благородни метали, се граничи со девет држави: на север со Централноафриканската Република и Јужен Судан; на исток со Руанда, Бурунди, Танзанија и Уганда, на запад со Република Конго и на југ со Ангола и Замбија.

Населението во ДР Конго се проценува на близу 90 милиони, од кои, според енциклопедијата Британика, околу три четвртини исповедаат христијанство - 33% се римокатолици, 20% протестанти, 22% се членови на црквите „Будење“ и „Христијанска преродба“, 2% припаѓаат на салутистички религии, 2% се муслимани, 10% припаѓаат на други религии и 11% не признаваат никаква религија.

Пораката на Реформното движење започнала тука во 1972. година, во провинцијата Катанга, и значително се развила во 90-тите години на минатиот век, а после тоа и во 21-от век, кога беше организирана како мисија од страна на Генералната Конференција. Подоцна, во 2012. година, станала Унија на мисии, и работата бргу напредувала.Во

Унијата на ДР Конго има потреба од зграда за централата; организацијата во моментов изнајмува куќа. Имајќи ја во предвид оваа реална потреба, се молиме Господ да ги допре вашите срца и да размислите за нашата ситуација. Ве молиме, оваа сабота, великодушно приложете ги вашите дарови и донации за да ни помогнете да обезбедиме купување на соодветно земјиште во главниот град Киншаса за изградба на прекрасен споменик за централата и црквата што ќе бидат претставници на Реформното Движење, на слава на нашиот Бог.

Потсетувајќи ве на зборовите на нашиот Господ Исус, „Поблажено е да се дава, отколку да се прими“ (Дела 20:35), ги повикуваме нашите браќа и сестри ширум светот да помогнат во овој проект. Се молиме Бог однапред да ја награди вашата дарежливост кон мисионерското дело во ДР Конго.

Бог кој е сочувствителен и милостив да ве благослови сите.

***Вашите браќа и сестри од Унијата на ДР Конго***

# Савловото предавање

**„Тресејќи се од страв и ужас, тој праша: „Господи, што сакаш да направам?" А Господ му рече: „Стани и влези во градот; и ќе ти се каже што треба да правиш!" (Дела 9:6).**

„Нашето лично идно добро, а исто така и спасението на другите души, зависи од патот кој сега го следиме. Треба да бидеме водени од Духот на вистината. Секој Христов следбеник треба искрено да се праша: 'Господе, што сакаш да правам?'". – *Големата борба, 601.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:* *3. Сведоштво, 428-434*.

Недела 30. мај

## 1. ПРЕОБРАЗУВАЧКА СВЕТЛИНА

**а. Објаснете ја агонијата на Савле и како Христос го спречил неговото духовно слепило да рита против бодилото на совеста. Еремија 17:5; Дела 9:1-5.**

__________________________________________________________________

„Умот кој се противи на вистината сè гледа во изопачена светлина. Тој е фатен во сигурна мрежа на непријателот и сè посматра во светлината што тој му ја сервира.

Савле од Тарс бил пример за тоа. Тој немал морално право да биде неверник. Но, тој избрал да ги прифати мислењата на луѓето наместо Божјиот совет. Тој ги имал пророштвата што укажувале на Месијата, но тој им давал приоритет на изреките на рабините и зборовите на луѓето". – *The SDA Bible Commentary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1057.*

„Тој (Павле) бил очевидец на Стефановата воздржаност кон своите непријатели и на неговото великодушно проштавање. Исто така бил сведок на цврстината и на ведрото спокојство на многу луѓе кои и самиот ги изложувал на измачувања. Видел дури како некои од нив со радост го даваат и својот живот за својата вера.

Сите овие факти силно му се наметнале на Савле и понекогаш во неговиот дух предизвикувале речиси непоколебливо осведочување дека Исус навистина е ветениот Месија". – *Делата на апостолите, 116.*

## 2. ПОВИКОТ СЕ ПОВТОРУВА И ДЕНЕС

**а. Што треба сите ние да научиме од тоа како Господ може нагло да го сврти текот на животните настани за да спаси искрена душа? Еремија 10:23,24.**

_____________________________________________________________________

„(Павле) совесно направил многу зла против името на Исус Назареецот. Во својата ревност, бил најупорен и најжесток противник на Христовата црква". – *3. Сведоштво, 429.*

„Христовите слуги не треба да дозволат да бидат попречени од оние кои од Евангелиeто прават само предмет на расправија и потсмев.

Спасителот, меѓутоа, никогаш не заобиколил ниедна душа, без оглед колку таа потонала во грев, која сакала да ги прими скапоцените небесни вистини. За цариниците и блудниците Неговите зборови претставувале почеток на нов живот. Марија Магдалена, од која Тој истерал седум ѓаволи, била последна на Неговиот гроб и прва која Тој ја поздравил во утринските часови на Неговото воскресение. Савле од Тарс, еден од најогорчените противници на Евангелиeто, станал Павле, верен Христов слуга. Можеби под изгледот на омраза и презир, па дури и злочин и изопаченост, се крие душа која Христовата милост ќе ја спаси да блеска како скапоцен камен во круната на Спасителот". – *Мисли од горага на блаженството, 129,130.*

**б. Со кое клучно прашање треба сите да се поклониме пред нашиот Господар, во длабока понизност и целосно предавање во секоја фаза од нашиот живот? Дела 9:6.**

_____________________________________________________________________

„Бог повторно те повикува. Тој копнее да допре до твоето срце иако е потполно обземено од себичноста и грижите на овој живот. Тој те повикува својата љубов и внимание, наместо на минливостите на овој свет, да ги посветиш на она што е небесно и неминливо. За да ја познаеш Божјата волја, мораш внимателно да ја проучуваш Неговата реч, не поведувајќи се по природните склоности на својот непрепороден ум. 'Што сакаш да направам Господе?' - тоа треба да биде искрено прашање на твоето срце." – *4. Сведоштво, 53,54.*

„Прашајте го Оној што поднел потсмев, навреди и потценување заради вас: 'Господе, што сакаш да направам?' (Дела 9:6). Никој не е толку многу образован за да стане понизен ученик на Христа. Оние кои сметаат дека се почестени што можат со својот живот и знаење да Му служат на Оној што ги примил, нема да ги избегнуваат жртвите, напорите и работата и со својата служба ќе Му ги вратат на Бога талентите што им ги доверил." – *5. Сведоштво, 584.*

## 3. ИСПРАТЕН ВО БОЖЈАТА ЦРКВА

**а. Што треба сите ние да научиме од начинот на кој Савле, горд религиозен човек, бил длабоко понижен и пред Бога и пред човекот? Дела 9:7,8.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Павле навистина верувал дека верата во Исуса го укинува Божјиот закон, принесувањето на жртви, чинот на обрезување и сѐ она што Бог со векови го прифаќал со потполно одобрување. Но чудесната Христова појава пред вратите на Дамаск внела светлина во замрачените одаи на неговиот ум; и тој сфатил дека Исус Назареецот Кој тој го прогонува е навистина Спасител на светот...

Христос го испратил токму кај оние ученици кои толку огорчено ги прогонувал, тие да го учат. Погоден од сјајот на неиздржливата небесна светлина, Павле ослепел, но Исус како Голем Лекар Кој им го вратил видот на толку слепи, веднаш не го исцелил.“ – *3. Сведоштво, 429.*

„Какво понижување било за Павле кога дознал дека цело време ги користел своите сили против вистината, мислејќи дека ја извршува Божјата служба, го прогонувал Христа... Неговата разбудена совест, сега строго го осудувала. Неговата поранешна ревност и искреност во спротивставување на светлината што го осветлувала преку Божјите гласници, сега претставувала осуда за неговата душа; и тој се исполнил со горко каење. Тој повеќе не се гледал себеси како праведен, туку осуден од законот во мислите, во духот и делата. Се гледал себеси како грешник, целосно изгубен, без Спасител кого го прогонувал.“ – *The SDA Bible Commen¬tary E. G. White Comments], vol. 6, p. 1058.*

**б. Опишете го искуството на Савле додека бил слеп. Дела 9:9.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Тие денови ги поминал наполно осамен, испитувајќи се себеси со понизно срце...

Кога целосно ѝ се предал на убедливата сила на Светиот Дух, Савле ја сфатил својата заблуда и далекусежните барања на Божјиот закон. Тој, кој бил горд фарисеј, уверен дека прави добри дела, сега се клања пред Бога со понизност и со едноставност на малечко дете, признавајќи ја својата недостојност и потпирајќи се во молитва на заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител.“ – *Делата на апостолите, 118,119.*

## 4. ПОДГОТВЕН ЗА АКЦИЈА

**а. Согледајте ја јасната заедница помеѓу Христос и Ананија, и објаснете зошто секој верник може да биде охрабрен од тоа. Дела 9:10-16.**

___

„Секој треба да има лично искуство во подучувањето од Големиот учител, и лична заедница со Бога“. – *Testimonies to Ministers, p. 486.*

**б. Опишете го нежниот, богобојазлив начин на кој Ананија и црквата во Дамаск му служеле на Савле (сега наречен Павле) како нов верник. Дела 9:17-19.**

___

„Така Исус го потврдил авторитетот на својата организирана црква и го поврзал Савле со своите назначени од Него претставници на земјата”. – *Делата на апостолите, 122.*

**в. Наведете ги чекорите на Павле по крштевањето, како и искушенијата со кои се соочил. Дела 9:20-25.**

___

„Ананија го крстил Павла во реката во Дамаск. Потоа бил окрепен со храна и веднаш започнал да им го проповеда Исус на верниците во градот, истите оние поради кои бил испратен од Ерусалим со цел да ги уништи. Тој исто така поучувал во синагогите дека Исус, кој бил убиен, навистина бил Син Божји. Неговите докази од пророштвата биле толку убедливи, а неговите напори биле толку поддржани од Божјата сила, така што Евреите што се противеле биле збунети и не можеле да му одговорат”. – *Sketches from the Life of Paul, p. 32.*

„Павле тврдел дека промената на верата кај него не е последица на некоја набрзина донесена одлука или фанатизам, туку е предизвикана со непобитни докази...

Но срцата на мнозина се стврднале и не ја прифатиле неговата порака, и нивното чудење во врска со неговото преобратување набргу се претворило во огорчена омраза, слична на онаа што ја негувале и спрема Исуса”. – *Делата на апостолите, 125.*

„(Свештениците и водачите) се сложиле во тоа дека најсигурно решение би било да го убијат Павле. Меѓутоа Бог знаел за нивните намери и затоа му испратил ангели за да го вардат, за да може да преживее сè додека не ја заврши својата мисија”. – *Рани списи, 202.*

**г. Зошто Павле отишол во пустината? Галатјаните 1:17; Псалм 119:10(прв дел).**

Четврток 3. јуни

## 5. ИСКУШЕНИЈА И ПРОВИДЕНИЕ

**а. Откако поминал три години во Арабија, сам и во молитва, со каква неочекувана мака се соочил Павле, и кога Бог го употребил да му помогне? Дела 9:26,27.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„(Варнава) целосно поверувал и го прифатил Павла, го фатил за раката и го довел кај апостолите. Тој со нив го споделил искуството кое штотуку го слушнал...

Апостолите повеќе не се двоумеле; тие не можеле да му се спротивстават на Бога. Петар и Јаков, кои во тоа време биле единствените апостоли во Ерусалим, му подале десна рака на пријателство на поранешниот жесток гонител на нивната вера; и тој сега бил онолку сакан и почитуван колку што порано се плашеле и го избегнувале“. – *The Spirit of Prophecy, vol. 3, p. 321.*

**б. Иако апелите на Павле биле убедливи и неспорни, што наскоро било потребно да се направи, и како во тоа сепак можеме да ја видиме Божјата рака на љубовта? Дела 9:28-31; 22:17-21.**

____________________________________________________________

„Со срце исполнето со тага, (Павле) видел дека мора да се оддели од своите браќа. Тој доброволно би го дал својот живот, ако тоа им помогне да ја познаат вистината. Евреите започнале да измислуваат планови за да му го одземат животот, а учениците го повикувале да го напушти Ерусалим; но тој се двоумел, не сакајќи да го напушти местото, и сакал уште малку да поработи за своите еврејски браќа...

Кога браќата дознале за визијата на Павле и за Божјата грижа за него, нивната вознемиреност се зголемила за него; зашто сфатиле дека тој навистина е избран сад Господов, за да им ја носи вистината на незнабошците. Тие побрзале тајно да го изнесат од Ерусалим, од страв дека ќе го убијат“. – *The Spirit of Prophecy, vol. 3, p. 321-323.*

Петок 4. јуни

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во кои области од животот можеби јас се ритам против бодилото на совеста?**
2. **Кого во моето друштво, можеби сум во опасност да го потценам?**
3. **Како Бог можеби се обидува да ме понижи за да ме направи поефикасен сад?**
4. **Што нѐ учи односот помеѓу Ананија и Савле за црквата?**
5. **Може ли јас, слично на Павле, да останам на одредено место, додека Бог ме сака на друго место?**

# Надеж за оние „во светот“

**„Ако, Бог им даде еднаков дар, како и нам, кои поверувавме во Господ Исус Христос, тогаш кој сум јас да Му се спротивставам на Бога?” (Дела 11:17).**

„Во нашата работа треба да ни пружа големо охрабрување помислата на сожалувањето и нежната Божја љубов кон оние кои копнеат за светлина и кои се молат за неа“. – *6. Сведоштво, 79.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апост., 131-142, 155-159. 6.Сведоштво, 76-84.*

Недела 6. јуни

## 1. ВО ЛИДА И ЈОПИЈА

**а. Опишете го искуството на Петар при посетата на Лида. Дела 9:32-35.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**б. Зошто сите можеме да бидеме охрабрени од чудото во Јопија, и зошто членовите на црквата, како Тавита, се толку важни за црквата? Дела 9:36-43.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Во Јопа живеела една жена по име Тавита, чиишто вешти прсти биле поактивни од нејзиниот јазик. Таа знаела на кого му е потребна удобна облека, а на кого му е потребно сочувство - и едното и другото ги давала во изобилие. И кога Тавита умрела, црквата во Јопија сфатила што изгубила. Затоа не е никакво чудо што плачеле и жалеле и што топли солзи паѓале на нејзиното безживотно тело. Таа била од толку голема вредност што со Божја сила била повратена од земјата на непријателот, за да со својата вештина и енергија и понатаму биде благослов за другите.

Ретки се таквата трпеливост, побожност и верност какви што ги имале овие Божји верници, но сепак црквата не може да напредува без нив... На делото не му се потребни такви луѓе, бидејќи не се доверливи, туку се потребни постојани, богобојазливи работници кои нема да паднат со духот пред неволите“. – *5. Сведоштво, 304.*

## 2. ИСКРЕН ТРАГАЧ

**а. Кој бил Корнилиј, и зошто Бог зборувал со него? Дела 10:1-8.**

___

„Корнилиј бил римски капетан. Бил богат и од благородничко потекло и заземал доверлива и почесна положба. Незнабожец по раѓање, по воспитување и образование, благодарение на својот контакт со Евреите тој се здобил со сознание за Бога и му се молел со сето срце, покажувајќи ја со сожалување кон сиромасите искреноста на својата вера. Бил надалеку прочуен по својата дарежливост и со својот праведен живот стекнал добар глас и меѓу Евреите и меѓу незнабошците. Неговото влијание претставувало голем благослов за сите со кои доаѓал во допир...

Верувајќи во Бога како Творец на небото и земјата, Корнилиј го почитувал, го признавал неговиот авторитет и барал негов совет во сите животни околности. Му бил верен на Јехова во домашниот живот и на својата службена должност. Му подигнал олтар на Господа во својот дом, зашто не се осмелувал без Божја помош да пристапува кон остварување на своите планови и кон вршење на доверените одговорности“. – *Делата на апостолите, 132,133.*

**б. Во меѓувреме, во Јопија, користејќи ја храната како симбол (но всушност не се однесува на храната), која суштински важна поука Бог ја дал на Петар, за да биде прифатена од христијаните до крајот на времето? Дела 10:9-16,28,34,35.**

___

„Да се биде ближен некому не значи само да се биде припадник на иста црква или на иста вера. Да се биде ближен не се однесува ниту на расата, на бојата на кожата, ниту на општествената класа. Наш ближен е секое лице на кое му е потребна нашата помош. Наш ближен е секоја душа која е ранета или загрозена од нашиот заеднички противник, сатаната. Наш ближен е секое суштество што му припаѓа на Бога.“ – *Христовите очигледни поуки, 376.*

**в. Како Бог го испратил Петар да им даде на Корнилиј и неговата група домашно проучување на Библијата во Кесарија? Дела 10:19-22,27.**

___

**г. Што ги поучувал Петар? Дела 10:36-43.**

„Од ветувањето дадено на Адам, преку патријархалната линија и обредниот систем, величествена небесна светлина ги направила јасни стапките на Спасителот.“ – *Копнежот на вековите, 211.*

## 3. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА БОЖЈИОТ ПОВИК

**а. Како Корнилиј и групата собрани околу него донеле плод, откривајќи докази дека тие навистина ја прифатиле сегашната вистина за тоа време, исполнувајќи го условот за крштевање? Дела 10:44-48.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Со какво обвинение се соочил Петар од страна на своите браќа во Јудеја, по неговата мисионерска работа со Корнилиј? Дела 11:1-3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Кога браќата во Јудеја слушнале оти Петар влегол во куќа на незнабожец и таму им проповедал на собраните, биле изненадени и навредени. Тие се плашеле дека таквата постапка, што се сметала за пречекорување на дозволеното, би можела да има поразно дејство врз неговото учење. Потоа, кога првпат се сретнале со Петар, го пречекале со строг укор, велејќи: ‘Влезе при необрезани луѓе и јадеше со нив!’“. – *Делата на апостолите, 141.*

**в. Откако им го раскажал своето искуство, почнувајќи од видението што го добил од Бога, што нагласил Петар, и како неговите браќа го примиле овој аргумент? Дела 11:15-18. Што ни кажува ова денес?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Во нашата работа треба да ни пружа големо охрабрување помислата на сожалувањето и нежната Божја љубов кон оние кои копнеат за светлина и кои се молат за неа.

Постојат многумина кои ми се прикажани како Корнелие, луѓе кои по Божја волја треба да дојдат во допир со Неговата црква. Тие се наклонети кон народот кој ги држи Господовите заповеди, но се цврсти врските кои ги спојуваат со светот. Тие немаат морална храброст да застанат на страна на понизните. Мораме да вложиме посебни напори за душите кои поради своите одговорности се изложени на посебни искушенија и тешкотии.

Врз основа на светлината која Господ ми ја даде, знам дека сега треба да им се изложи на луѓето кои имаат влијание и власт во светот она јасното: ‘Така вели Господ’. Тие се повереници на кои Бог им доверил значајни одговорности. Ако го примат Божјиот повик, Тој ќе ги користи во Неговото дело“. – *6. Сведоштво, 79,80.*

## 4. ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ

**а. Како резултат на расејувањето поради прогонството, како црквата се проширила на медитеранските острови и северно од Јудеја? Дела 11:19-21.**

____________________________________________________________________

**б. Кој град бил особено плодна почва за евангелието, каков план бил направен за негов уште поголем развој, и зошто? Дела 11:22-26 (прв дел).**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Варнава... бил испратен во Антиохија, сириска метропола... за да и помогне на тамошната црква. Тој работел таму со голем успех. Како што напредувала работата, тој побарал и добил помош од Павле; и двајцата ученици работеле заедно во тој град една година, поучувајќи го народот и додавајќи нови верници во бројот на Христовата црква.

Антиохија имала многу еврејско и паганско население. Поради својата здрава околина, прекрасните предели, богатството, културата и софистицираноста, Антиохија била место каде се собирале љубителите на лесниот живот и задоволствата. Високо развиената трговија го направила исклучително важен центар каде што можеле да се најдат луѓе од сите националности. Сепак, тој бил исто така и град на луксуз и порок“. – *The Story of Redemption, p. 301.*

**в. Со што се одликувала црквата во Антиохија? Дела 11:26 (последен дел).**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Тука учениците за првпат биле наречени христијани. Тие го добиле тоа име поради Христос, кој бил главната тема во нивното проповедање, поучување и разговор. Тие постојано раскажувале за настаните од Неговиот живот, од времето кога, како Негови ученици, биле благословени да се дружат лично со Него. Тие неуморно зборувале за Неговото учење, за Неговите чуда во лекувањето на болните, истерувањето на демони и воскреснувањето на мртвите. Со растреперени усни и насолзени очи, тие зборувале за Неговата агонија во градината, предавството, судењето и погубувањето, за трпението и понизноста со кои ги поднесувал навредите и тортурата на Своите злосторници, како и и за божествената милост со која се молел за оние што Го мачеле. За нив, Неговото воскресение и вознесение и Неговата посредничка служба за паднатиот човек биле радосни теми. Незнабошците навистина можеле да ги нарекуваат христијани“. – *The Story of Redemption, p. 301.*

Четврток 10. јуни

## 5. СОЧУВСТВО КОН СИРОМАШНИТЕ

**а. Каква добротворна акција презеле браќата од Антиохија кога го слушнале пророштвото дека ќе настане глад во целиот свет? Дела 11:27-30. Како ова претставува пример за христијаните во сите векови? Дела 20:35.**

______________________________________________________________

„Некои кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, осиромашуваат под одредени околности. Некои не внимаваат како што треба, не знаат да управуваат со своето домаќинство. Други се сиромашни поради болест или несреќа. Каква и да е причината, тие се наоѓаат во неволја и пружањето на помош на таквите, претставува значајна гранка на мисионерската работа.

Сите наши цркви треба да се грижат за своите сиромашни членови. Нашата љубов кон Бога треба да најде израз во добрите дела кон сиромашните и страдалниците кои ни се домашни во верата, чии потреби ни се познати и на кои им е потребна нашата поддршка. Секоја душа има посебна обврска кон Бога да им посвети посебно внимание и сочувство на Неговите достојни сиромаси. Тие сиромаси во ни кој случај не смеат да останат незабележани...

Во Ерусалим владеел голем глад и Павле знаел дека многумина од христијаните се разишле по околните земји, а дека оние што ќе останат (во градот) веројатно ќе бидат лишени од човечко сочувство и ќе бидат изложени на верска омраза. Поради тоа, тој ги поттикнувал црквите да испратат парична помош на своите браќа во Ерусалим. Вкупниот износ кој го собрале црквите, го надминало очекувањето на апостолите. Поттикнати од Христовата љубов, верниците великодушно давале и станувале исполнети со радост затоа што на тој начин можат да ја изразат својата благодарност на Откупителот и својата љубов кон браќата. Тоа е вистински темел на добродетелство во склад со Божјата Реч.“ *– 6. Сведоштво, 271,272.*

Петок 11. јуни

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да направам влијание слично на Тавита во мојата црква?**
2. **По што се истакнувал Корнилиј?**
3. **Која истакната личност ја познавам, која всушност може да биде отворена за вистината?**
4. **Можеби има град како Антиохија близу мене на кој му е потребна вистината? Каде се наоѓа?**
5. **Зошто секогаш треба да ја имам во предвид важноста на христијанското милосрдие?**

# Одбрана на Божјата вистина

**„А словото Божјо сѐ повеќе растеше и се распространуваше” (Дела 12:24).**

„Вдахновената вистина ја чува лично Бог и таа ќе триумфира над сето она што ѝ се противставува“. – *Делата на апостолите, 12.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апост., 143-154, 166-169. Рани списи, 97-104.*

Недела 13. јуни

## 1. ИЗМАНИПУЛИРАНА ВЛАСТ

**а. Поттикнат од злонамерни луѓе, какви политички потфати сторил царот над Јудеја, Ирод Агрипа I (внук и зет на Ирод, кој живеел во времето на Исус), против Божјото дело, и зошто? Дела 12:1-4.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Додека го прославувале своето ослободување од Египет и навидум мошне ревносни за Божјиот закон, Евреите истовремено престапувале секое начело на тој закон, прогонувајќи и убивајќи ги оние кои верувале во Христа...

Евреите отворено го поддржувале Ирода поради убиството на Јакова, иако некои биле незадоволни со начинот на кој било извршено, тврдејќи дека јавното погубување посилно би ги заплашило верниците и оние што им биле наклонети. Затоа Ирод го држел Петар под посебна стража во затвор, имајќи намера уште повеќе да им угоди на Евреите со тоа што ќе го погуби на јавно место. Меѓутоа, некои забележале дека, во интерес на општата сигурност, не е препорачливо погубувањето на овој огнен апостол да се изврши јавно пред целиот народ кој тогаш бил собран во Ерусалим. Се плашеле дека мнозина ќе се сожалат кога ќе видат како еден толку стар човек изведуваат на губилиште.

Свештениците и старешините исто така се плашеле дека Петар би можел да упати еден од оние силни повици кои толку често луѓето ги наведувале да го проучуваат Исусовиот живот и карактер-од повикот што тие со сите свои сили и аргументи не биле во состојба да ги побијат“. – *Делата на апостолите, 144.*

## 2. КРИЗА ВО РАНАТА ЦРКВА

**а. Зошто не треба да бидеме изненадени од прогонот со кој се соочувала раната црква? 1. Петрово 4:12,13.**

___

___

„Луѓето Го презреле и отфрлиле нашиот голем Пример, Кој бил блесок на славата на Својот Татко. Го навредувале и Го клеветеле. Неговите избрани ученици биле жив пример на животот и духот на нивниот Господар; тие биле почестени со удари и со заробеништво и на крај својата служба ја запечатиле со сопствената крв“. – *2. Сведоштво, 345.*

**б. Како црквата одговорила на затворањето на Петар? Дела 12:5.**

___

„Смртта на Јакова предизвикала голема жалост и вчудовиденост меѓу верниците. Кога Петар бил затворен, цела црква била во пост и молитва...

Додека под разни изговори погубувањето на Петар се одложувало за по празникот Пасха, верниците на црквата имале време длабоко и совесно да го испитаат своето срце и да му упа¬тат сесрдни молитви на Бога. Постојано се молеле за Петар, зашто чувствувале дека не може да биде поштеден од судење. Увидувале дека настапил миг кога Христовата црква, ако не биде поткрепена со посебна божествена помош, би можела да биде наполно уништена...

Најпосле бил одреден ден за погубување на Петар, но вер¬ниците сè уште упатувале топли молитви кон небото и додека тие со сета сила и љубов пекале пред Бога за помош, Божјите ангели бдееле над апостолот врзан во затворот”. – *Делата на апостолите, 144,145.*

**в. Колку цврсто било обезбедено ропството на Петар? Дела 12:6.**

___

___

„Спомнувајќи си како апостолите порано биле избавени од затвор, овој пат Ирод двојно ги зголемил мерките на претпазливост. За да се спречи секоја можност за ослободување, Петар е ставен под стража на шеснаесетмина војници кои на смена го чувале дење и ноќе... Бидејќи вратата на за¬творот била добро заклучена и дека пред неа била поставена силна стража, не постоела никаква можност за избавување или за бегство со човечки средства”. – *Делата на апостолите, 145,146.*

## 3. БОГ ИМА КОНТРОЛА

### а. Опишете го чудото извршено за Петар во затворот. Дела 12:7-11.

„Но резите, бравите и римската стража, кои ја исклучувале можноста од каква било човечка помош, само уште повеќе придонесувале за целосниот Божји триумф при ослободувањето на апостолот...

(Ангелот) пошол кон вратата, а по него и Петар кој, иако по природа обично бил многу зборлест, сега занемел од вчудовиденост. Тие поминале крај стражарот и стигнале до цврсто закатанчената врата која се отворила сама од себе и повторно веднаш се затворила, додека стражарите и од внатрешната и од надворешната страна неподвижно стоеле на своите места.

Стигнале и до втората врата, која исто така била чувана и одвнатре и однадвор. Вратата се отворила како и првата, а при тоа шарките не зачкрипиле ниту железните шипки заѕвечиле, и таа зад нив бесшумно се затворила. На ист начин поминале и низ третата капија и се нашле на отворена улица. Не бил изговорен ниту еден единствен збор, ниту се слушнал шум од нивните стапала. Ангелот лебдејќи предводел, опкружен со блескотна светлина, а Петар, збунет и сè уште верувајќи дека сонува, го следел својот спасител. Така поминале низ една улица, а потоа ангелот, бидејќи со ова ја завршил својата задача, одненадеж исчезнал...

На зглобовите на неговите раце, натечени од носењето на тешкото железо, немало веќе окови. Сфатил дека неговата слобода не е само измама, сон ниту призрак, туку благословена стварност“. – *Делата на апостолите, 146-148.*

### б. Наоѓајќи се на познато место, што направил Петар? Дела 12:12-17. Што се случило со виновниот цар? Дела 12:21-23.

______________________________________________________________________

„Ирод знаел дека ниту најмалку не ја заслужува пофалбата и честа што му ги укажувале, па сепак, ова вистинско идолопоклонство од страна на народот го прифатил како нешто што со право му припаѓа...

Но наеднаш на него се видела страшна промена. Лицето му пребледело како во смртник и стравотно се искривил во смртни маки. Од сите пори на неговото тело избувнале дробни капки пот. За миг стоел прострелан со болка и ужас; а потоа, така смртно блед и помодрен, се свртел кон своите вчудовидени приврзаници, крикнал засипнат и со очаен тон: ‘Оној што го возвишувавте како бог е смртно погоден’... Почувствувал дека тој, неумолив прогонувач, сега ги расчистува сметките со Бога“. – *Делата на апостолите, 151.*

## 4. ЕВАНГЕЛСКИ РЕД

**а. Како што евангелската порака се ширела на нови места, што станало потребно, и зошто? Дела 12:24,25; 13:1-3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Видов дека црквата според својата должност внимателно и грижливо треба да го преиспита животот, способностите и сите постапки на оние кои се декларираат за учители. Ако не постојат очигледни докази за тоа дека ги повикал Бог и ако тие не внимаваат на зборовите ‘тешко вам’ дека се однесуваат на нив, должност е на црквата да делува и нека се знае дека црквата таквите не ги признава за учители. Тоа е единствен начин на кој црквата може да постапува за да остане чиста во тој поглед, затоа што врз неа лежи товарот на одговорноста...

(Евангелскиот ред) е неминовна потреба за црквата да дојде во единство на верата. Видов дека на црквата и во времето на апостолите и се заканувала опасност да биде измамена и заведена од страна на лажни учители. Затоа браќата одбрале луѓе кои дале докази дека добро управуваат со својот дом и дека одржуваат ред во своето семејство, и кои можеле да ги просветлат оние кои се наоѓаат во темнина. Најпрво во врска со тоа го запрашаа Господа, и дури тогаш, во согласност со Светиот Дух и мислењето на црквата, извршија ракоположување. Примајќи такво овластување од Бога и одобрување од црквата можеа во името на Отецот, Синот и Светиот Дух, да крштеваат и да вршат верски обреди, делејќи им на светиите симболи за изранетото тело и пролиената крв на распнатиот Спасител, во сеќавањето на Божјите деца постојано да ги освежуваат спомените на Неговите страдања и смрт.

Видов дека опасноста од лажните учители денес не е помала отколку во деновите на апостолите; ако не и повеќе, и ние мораме да ги преземеме оние исклучителни мерки кои тие ги применувале за да се обезбеди мир, хармонија и единство на стадото. Имаме нивен пример и треба да го следиме. Браќата кои имаат богато искуство и здрав суд, треба да се соберат и придржувајќи се кон Божјата Реч и одобрувањето на Светиот Дух, низ сесрдна молитва треба да ги положат рацете врз оние кои дале потполни докази дека се повикани од Бога, и дури тогаш треба да се одвојат и целосно да се посветат на Неговото дело. Со тој акт црквата потврдува дека тие можат како весници да одат и да ја објавуваат најсвечената вест која било кога им е дадена на луѓето“. – *Рани списи, 100,101.*

Четврток 17. јуни

## 5. ЗАЛАГАЊЕ ЗА ДУШАТА

**а. Каде понатаму отишле Варнава и Павле во мисионерската работа, и со каква пречка се соочиле? Дела 13:4-8.**

___

„Сатаната не дозволува царството Божјо на земјата да се подига без борби и мачни напори. Силите на злото постојано војуваат против оние кои како орудија во Божјите раце работат ширејќи го евангелието; тие сили на темнината особено се активни кога вистината им се објавува на угледните и вистински чесните луѓе. Така било кога проконзулот на Кипар, Сергеј Павле, ја слушал пораката на евангелието. Проконзулот ги по¬викал апостолите за да го запознаат со пораката што дошле да ја објават. Тогаш силите на злото, дејствувајќи преку вражарот Елим, се обиделе со своите убиствени сугестии да го одвратат од верата и со тоа да ги оневозможат Божјите намери“. – *Делата на апостолите, 167.*

**б. Како Павле смело го прекорил оној преку кого работел непријателот, и на тој начин извојувал победа за евангелието? Дела 13:9-12.**

___

„Вражарот ги затворил очите и пред очигледните докази на евангелската вистина, а Господ, во својот праведен гнев, сторил да се затворат и неговите физички очи, лишувајќи го од дневната светлина. Ова слепило не било трајно, туку привремено, за да му послужи како опомена да се покае и да побара прошка од Бога кого толку тешко го навредил. Збунетоста во која западнал на овој начин ја осуетила неговата снаодливост и вештина со кои се служел против Христовата наука. Фактот што бил присилен да пипа околу слеп, претставувал доказ пред секого дека чудата што ги правеле апостолите... се вршени со Божја сила“. – *Делата на апостолите, 168.*

Петок 18. јуни

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како и денес се повторуваат заговори како оној меѓу Ирод и Евреите?**
2. **Што можеме да сториме пред непремостливите пречки, како што е затворањето на Петар?**
3. **Зошто деталите за избавувањето на Петар можат да ми донесат надеж?**
4. **Која клучна квалификација е неопходна за учителите на евангелието?**
5. **Зошто не треба да се обесхрабрувам кога работам за нови души?**

# Да излеземе од нашата комфорна зона

**„Следната сабота се собра скоро целиот град да го слушне словото Божјо” (Дела 13:44).**

„Никој нема да може да каже, кога сфатил дека Божјиот Дух делува на него, во која насока или преку кого ќе се манифестира... За еден ден ќе има илјадници кои ќе се обратат во вистината, кои во единаесеттиот час ќе ја препознаат и прифатат вистината и делувањето на Божјиот Дух.“ – *The Ellen G. White 1888 Materials, pp. 754, 755.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Делата на апостолите, 169-179.*

Недела 21. март

## 1. СВЕТЛИНА ЗА ОНИЕ ВО ТЕМНИНАТА

**а. Од Пафос на островот Кипар – па сè до Перга (на јужниот медитерански брег на денешна Турција) - каде отидоа Павле и неговите соработници, како мисионери во саботата? Дела 13:13,14 (далеку од сирискиот град што го носи истото име во Дела 11).**

____________________________________________________________

„Павле и неговите придружници го продолжиле своето пату¬вање и стигнале во Перга Памфилиска. Нивното патување било напорно. Поминувале низ невољи и поднесувале скудност, а опасности им се заканувале од сите страни. Во големите и малите градови, низ кои поминувале, и на пустите патишта, ги опкружувале видливи и невидливи опасности. Но Павле и Вар¬нава навикнале со сигурност да се потпрат врз Божјата сила која секогаш ги избавувала. Срцата им биле исполнети со то¬пла љубов кон душите што пропаѓаат. Како верни пастири кои ги бараат загубените овци, тие и не помислувале на некаква своја удобност. Заборавајќи на себе, тие не се колебале ниту пак губеле храброст кога биле уморни, гладни и настинати. Пред очи имале само една цел - спасување на оние што далеку заталкале од стадото”. – *Делата на апостолите, 169*.

**б. Што се случило со Јован Марко во тоа време? Дела 12:25; 13:5,13.**

## 2. ЕВРЕИТЕ И НЕЗНАБОШЦИТЕ ВО САБОТНИОТ ДЕН

**а. Која можност му се укажала на Павле во синагогата во Антиохија и што ние денес можеме да научиме од тој пример? Дела 13:15.**

___

„Можеби ќе имате можност да зборувате во други цркви. Додека ги користите овие можности, запомнете ги зборовите на Спасителот: 'Бидете мудри како змии и незлобни како гулаби'. Не предизвикувајте ја злобата на непријателот со обвинувачки говори. Така, ја затворате вратата за влезот на вистината. Треба да се пренесат јасни пораки. Но внимавајте да не предизвикате непријателство. Има многу души што треба да се спасат. Воздржете се од сите груби изрази. Со зборови и дела бидете мудри кон спасението, претставувајќи го Христос пред сите со кои ќе стапите во контакт. Сите нека видат дека вашите нозе се обуени во подготовката на евангелието за мирот и добрата волја за сите луѓе. Прекрасни се резултатите што ќе ги видиме ако влеземе во работата исполнети со Христовиот Дух. Ако ја завршиме нашата работа во правда, милост и љубов, помошта ќе ни дојде таму каде што ни е потребна. Вистината ќе триумфира и ќе ја однесе победата". – *Evangelism, pp. 563, 564.*

„Нека верните, богобојазливи, искрени работници, чии животи се скриени со Христа во Бога, се молат и работат за чесните проповедници кои биле погрешно научени да го толкуваат Зборот на животот." – *Evangelism, pp. 562*.

„Проповедниците и мудрите луѓе во светот треба да бидат тестирани според светлината на сегашната вистина. Третата ангелска порака треба да им ја објавиме мудро и достоинствено". – *Evangelism, pp. 563.*

**б. Додека Павле ја раскажувал историјата на еврејската нација и љубезно ги воведувал во Христовата порака – сето тоа засновано на Светото Писмо - кој бил неговиот завршен апел? Дела 13:38-41.**

___

**в. Како биле трогнати разните срца во таа плодна сабота? Дела 13:42,43.**

___

___

„(Дела 13:38,39). Божјиот Дух ги придружувал зборовите што биле изговорени и срцата биле трогнати." – *Evangelism, pp. 172*.

## 3. ДУХОВНА БИТКА

**а. Како резултат на порака на Павле за сегашната вистина во саботата како за евреите, така и за незнабошците, што се случило следната сабота? Дела 13:44. Каква љубоморна реакција го следела овој излив на ентузијазам? Дела 13:45.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**б. Што конечно бил принуден да изјави Павле, и со какви последици? Дела 13:46-49. Што треба да разбереме со оглед на неговата цел?**

________________________________________________________________

„(Незнабошците) најмногу се израдувале поради тоа што Христос ги признава за синови Божји и со благодарно срце го слушале проповедањето. Оние што поверувале ревносно им ја пренесувале порака на евангелието и на други и ‘речта Господова се распространуваше по целата земја’...

Обраќајќи им се на незнабошците во Антиохија Писидиска, Павле и Варнава не престанале да се залагаат и за Евреите секаде каде што постоела надеж дека ќе ги слушаат. Подоцна, во Солун, Коринт, Ефес и во другите значајни центри, Павле и неговите соработници настојувале евангелието да им го проповедаат и на Евреите и на незнабошците. Но од тогаш своите главни напори ги насочиле кон изградување на Божјото царство на незнабожечка почва, меѓу народите кои речиси ништо не знаеле за вистинскиот Бог и за неговиот Син“. – *Делата на апостолите, 173-175.*

**в. Која била следната тактика на завидливите луѓе? Дела 13:50. Како реагирале верниците, и кои зборови на нивниот Учител тоа им го овозможиле? Дела 13:51,52; Матеј 5:11,12.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Кога некој во својот живот ја открива Христовата љубов и убавината на светоста, тој на тој начин ги оттргнува поданиците од царството на сатаната, а кнезот на злото станува да му се спротивстави. Сите оние кои се исполнети со Христовиот дух ги очекува прогонство и понижување. Карактерот на прогонството се менува со текот на времето, но во основата на сето тоа се наоѓа оној ист дух кој почнувајќи од Авел, постојано ги прогонува Божјите избраници“. – *Мисли од горада на блаженството, 29.*

## 4. ИКОНИЈА

**а. Зошто секој еден од нас може да биде вдахновен од резултатите постигнати при мисионерската посета на Иконија? Дела 14:1.**

______________________________________________________________________

„Секој мора да учи од големиот Учител, а потоа знаењето што го стекнал да го пренесува и на други. На секој свој весник Бог му доверил лична задача. Постојат различни дарови, но сите работници мора да дејствуваат хармонично, контролирани од Светиот Дух кој посветува. Додека тие на светот му го објавуваат евангелието на спасението, мнозина ќ е бидат осведочени и обратени со божествената сила. Човечкото орудие е скриено со Христа во Бога, а Христос се појавува како ‘поубав од десет илјади други’ и како оној кој ‘целиот е прекрасен’ (Песна над песните 5:10,16).“ – *Делата на апостолите, 274,275.*

**б. Зошто не треба да бидеме обесхрабрени од она што веднаш уследило по успехот во Иконија? Дела 14:2; Псалм 69:7-9.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Никој не бил толку свирепо клеветен како Синот човечки. Тој бил исмејуван и му се подбивале поради Неговата непоколеблива послушност кон начелата на светиот Божји Закон. го мразеле без причина. Сепак, Тој мирно стоел пред своите непријатели изјавувајќи дека понижувањето е дел од христијанското наследство, советувајќи ги Неговите следбеници како да ги пресретнат стрелите на злобата, повикувајќи ги да не потклекнат на прогонството.

Иако клеветењето може да го оцрни угледот, тоа не може да го извалка карактерот бидејќи тој е во Божја власт. Сѐ додека не му потклекнеме на гревот, нема таква сила ни човечка ни сатанска, која би можела да ја извалка душата. Човекот чие срце се потпира на Бога, и во часот на најболни искушенија и под најтешки околности, останува потполно ист како и во благосостојба, кога изгледа дека го осветлува светлината и Божјата милост. Неговите зборови, неговите мотиви и постапки можат да бидат лажно прикажувани и погрешно толкувани, но тој на тоа не обрнува внимание затоа што мора да се залага за нешто многу повозвишено...

Христос е запознаен со сето она што луѓето погрешно го сфатиле и погрешно го прикажувале. Неговите деца можат да најдат сила стрпливо и мирно чекајќи во надеж, без оглед на тоа колку ги омаловажуваат и презираат“. – *Мисли од гората на блаженството, 32.*

Четврток 24. јуни

## 5. ХРИСТОВАТА ЉУБОВ СЕ МАНИФЕСТИРАЛА

### а. Како апостолите успеале да разбијат многу предрасуди со кои се соочиле поради злонамерните гласини? Дела 14:3,4.

___________________________________________________________________

„Со лажни и предимензионирани извештаи, тие кај надлежните власти разбудиле страв дека на цел град му се заканува бунт. Тврделе дека на апостолите им се приклучува огромно мноштво народ и предупредувале дека тоа се прави со некаква тајна и опасна цел.

Поради овие обвинувања, учениците повторно биле изведени пред властите, но нивната одбрана била толку јасна и природна, а изнесувањето на учењето толку мирно и разбирливо, што се појавила една силна струја во нивна полза. Иако градските поглавари биле недоверливи кон нив поради лажните обвинувања што ги слушнале, сепак, не се осмелувале да ги осудат. Не можеле да откажат дека учењето на Павле и Варнава има за цел луѓето да ги стори чесни и примерни граѓани и дека во градот би се поправила и моралната состојба и поредокот кога би биле прифатени вистините што ги проповедале апостолите“. – *Делата на апостолите, 178.*

### б. Што апостолите конечно требале да направат? Дела 14:5-7; Матеј 10:23.

„Пријателите на апостолите, иако неверници, им обрнале внимание на подлите намери на Евреите и ги советувале без потреба да не се изложуваат на бесот на избувливата толпа, туку да го спасуваат животот со бегство. И така Павле и Варнава ја напуштиле тајно Иконија, препуштајќи им на тамошните верници извесно време сами да ја продолжат работата. Меѓутоа, тоа во никој случај не значело дека заминуваат за¬секогаш; планирале да се вратат штом ќе се смири возбудувањето да го продолжат започнатото дело.“– *Делата на апостолите, 179.*

Петок 25. јуни

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам, како Јован Марко, да бидам во искушение да се повлечам пред тешкотиите?**
2. **Зошто треба да се молам за можностите што му биле дадени на Павле во Антиохија?**
3. **Исто како што незнабошците се радувале на евангелието, како многумина наскоро ќе го сторат истото?**
4. **На што секогаш треба да се сеќавам кога сум соочен со лажна клевета?**
5. **Зошто можам да се инспирирам од огромната љубов што ја покажале апостолите?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Април - 2021.*

| Дата | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед . |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Четврток* | *Даниел 12:1-3.* | *8 Свед. 325.* | *Мат. 7:16,17.* |
| 2. | *Петок* | *Откр. 12:14-20.* | *Сонцето заоѓа во 18 59* | |
| 3. | *Сабота* | *Езек. 20:11,12.* | *Сонцето заоѓа во 19 00* | |
| 4. | *Недела* | *Откр. 21:1-4.* | *8 Свед. 326.* | *Откр. 12:9,10.* |
| 5. | *Понеделник* | *Откр. 21:9-11.* | *8 Свед. 327.* | *2 Пет. 1:19.* |
| 6. | *Вторник* | *Откр. 22:1-5.* | *8 Свед. 328.* | *Авакум 2:2,3.* |
| 7. | *Среда* | *Откр. 19:6-9.* | *8 Свед. 329.* | *1 Сол. 2:10-12.* |
| 8. | *Четврток* | *Откр. 15:2-4.* | *8 Свед. 330.* | *Мат. 24:23,24.* |
| 9. | *Петок* | *Откр. 14:1-5.* | *Сонцето заоѓа во 19 07* | |
| *10.* | *Сабота* | *Езек. 20:19,20.* | *Сонцето заоѓа во 19 08* | |
| *11.* | *Недела* | *Исаија 11:6-9.* | *8 Свед. 331.* | *Марко 13:4,5.* |
| 12. | *Понеделник* | *Исаија 66:22,23.* | *8 Свед. 332.* | *Рим. 11:33.* |
| 13. | *Вторник* | *Откр. 7:1-4.* | *8 Свед. 333.* | *Јован 7:16,17.* |
| 14. | *Среда* | *Исаија 8:16.* | *8 Свед. 334.* | *1 Пет. 3:12.* |
| 15. | *Четврток* | *Откр. 11:18,19.* | *8 Свед. 335.* | *1 Пет. 3:13.* |
| 16. | *Петок* | *Езекиел 9:1,2.* | *Сонцето заоѓа во 19 15* | |
| *17.* | *Сабота* | *Марко 2:27,28.* | *Сонцето заоѓа во 19 16* | |
| *18.* | *Недела* | *Езекиел 9:3,4.* | *8 Свед. 336.* | *Созд. 3:4,5.* |
| 19. | *Понеделник* | *Езекиел 9:5,6.* | *8 Свед. 337.* | *Рим. 5:12.* |
| 20. | *Вторник* | *Дела 1:4-8.* | *8 Свед. 338.* | *Езек. 18:20.* |
| 21. | *Среда* | *Јован 3:5-7.* | *8 Свед. 339.* | *Езек. 33:11.* |
| 22. | *Четврток* | *Рим. 8:1-4.* | *8 Свед. 340.* | *Откр. 14:8.* |
| 23. | *Петок* | *Гал. 6:16-18.* | *Сонцето заоѓа во 19 23* | |
| *24.* | *Сабота* | *Матеј 24:20,21.* | *Сонцето заоѓа во 19 24* | |
| *25.* | *Недела* | *Гал. 5:22-25.* | *8 Свед. 341.* | *Езек. 33:15,16.* |
| 26. | *Понеделник* | *Ефес. 3:16-19.* | *8 Свед. 342.* | *1 Кор. 6:9,10.* |
| 27. | *Вторник* | *1 Кор. 12:7-11.* | *8 Свед. 343.* | *Откр. 21:6,7.* |
| 28. | *Среда* | *1 Кор. 12:12,13.* | *8 Свед. 344.* | *Излез 34:6.* |
| 29. | *Четврток* | *1 Сол. 5:18-21.* | *8 Свед. 345.* | *Излез 34:7.* |
| 30. | *Петок* | *Матеј 4:1-3.* | *Сонцето заоѓа во 19 31* | |

# *Мај - 2021.*

| Дата | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | *Сабота* | *Лика 6:1-3.* | *Сонцето заоѓа во 19 32* | |
| *2.* | *Недела* | *Матеј 3:11,12.* | *8 Свед. 346.* | *Создавање 6:6.* |
| *3.* | *Понеделник* | *Матеј 3:16,17.* | *8 Свед. 347.* | *Рим. 6:23.* |
| *4.* | *Вторник* | *Исаија 42:1-3.* | *8 Свед. 348.* | *Псалм 37:10,11.* |
| *5.* | *Среда* | *Исаија 11:1,2.* | *8 Свед. 349.* | *1 Кор. 15:14-17.* |
| *6.* | *Четврток* | *Исаија 61:1,2.* | *8 Свед. 350.* | *Дела 17:31.* |
| *7.* | *Петок* | *Дела 10:38-40.* | *Сонцето заоѓа во 19 38* | |
| *8.* | *Сабота* | *Марко 3:1-4.* | *Сонцето заоѓа во 19 39* | |
| *9.* | *Недела* | *Матеј 12:28-32.* | *8 Свед. 351.* | *Јов 14:10,11.* |
| *10.* | *Понеделник* | *Јован 6:63.* | *8 Свед. 352.* | *Евреите 1:14.* |
| *11.* | *Вторник* | *Јован 14:16-18.* | *8 Свед. 353.* | *1 Тим. 4:1.* |
| *12.* | *Среда* | *Јован 15:26,27.* | *8 Свед. 354.* | *Откр. 13:13,14.* |
| *13.* | *Четврток* | *Јован 16:7-11.* | *8 Свед. 355.* | *Јаков 3:14.* |
| *14.* | *Петок* | *Јован 16:12-14.* | *Сонцето заоѓа во 19 47* | |
| *15.* | *Сабота* | *Матеј 12:7,8.* | *Сонцето заоѓа во 19 48* | |
| *16.* | *Недела* | *Дела 2:1-4.* | *8 Свед. 356.* | *Дела 16:17.* |
| *17.* | *Понеделник* | *Дела 2:14-17.* | *8 Свед. 357.* | *Броеви 25:1-3.* |
| *18.* | *Вторник* | *Дела 2:18-21.* | *8 Свед. 358.* | *Исаија 5:20.* |
| *19.* | *Среда* | *Дела 2:36-38.* | *8 Свед. 359.* | *Ефес. 6:11,12.* |
| *20.* | *Четврток* | *Дела 6:3-6.* | *8 Свед. 360.* | *Исаија 28:13.* |
| *21.* | *Петок* | *Дела 7:55,56.* | *Сонцето заоѓа во 19 53* | |
| *22.* | *Сабота* | *Матеј 12:9-12.* | *Сонцето заоѓа во 19 54* | |
| *23.* | *Недела* | *Дела 8:14-1-17.* | *8 Свед. 361.* | *Откр. 16:13-18.* |
| *24.* | *Понеделник* | *Дела 9:17,18.* | *8 Свед. 362.* | *Исаија 28:17,18.* |
| *25.* | *Вторник* | *Дела 10:44-48.* | *9 Свед., 5.* | *2Сол. 2:3,4.* |
| *26.* | *Среда* | *Дела 19:1-6.* | *9 Свед., 6.* | *2 Сол. 2:5-7.* |
| *27.* | *Четврток* | *Дела 20:22,23.* | *9 Свед., 7.* | *2 Сол. 2:8,9.* |
| *28.* | *Петок* | *Дела 20:28-30.* | *Сонцето заоѓа во 19 59* | |
| *29.* | *Сабота* | *Матеј 5:17,18.* | *Сонцето заоѓа во 20 00* | |
| *30.* | *Недела* | *Броеви 11:16,17.* | *9 Свед., 8.* | *Откр. 17:3,4.* |
| *31.* | *Понеделник* | *Броеви 11:25-29.* | *9 Свед., 9.* | *Откр. 17:5,6.* |

# *Јуни – 2021.*

| Дата | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | *Вторник* | *Судии 15:14,15.* | *9 Свед., 10.* | *Откр. 17:7,8.* |
| *2.* | *Среда* | *1 Сам. 10:5-7.* | *9 Свед., 11.* | *Откр. 17:9,10.* |
| *3.* | *Четврток* | *1 Сам. 10:9-11.* | *9 Свед., 12.* | *Откр. 17:11,12.* |
| *4.* | *Петок* | *Лука 2:25-30.* | *Сонцето заоѓа во 20 04* | |
| *5.* | *Сабота* | *Јован 5:5-11.* | *Сонцето заоѓа во 20 05* | |
| *6.* | *Недела* | *Јоил 2:23-25.* | *9 Свед., 13.* | *Марко 12:24.* |
| *7.* | *Понеделник* | *Јоил 2:28,29.* | *9 Свед., 14.* | *Лука 9:55,56.* |
| *8.* | *Вторник* | *Исаија 44:1-3.* | *9 Свед., 15.* | *Откр. 13:1,2.* |
| *9.* | *Среда* | *Езекиел 39:28,29.* | *9 Свед., 16.* | *Откр. 13:3,4.* |
| *10.* | *Четврток* | *Захарија 10:1.* | *9 Свед., 17.* | *Откр. 13:5-7.* |
| *11.* | *Петок* | *Лука 18:1-7.* | *Сонцето заоѓа во 20 08* | |
| *12.* | *Сабота* | *Јован 5:15-18.* | *Сонцето заоѓа во 20 09* | |
| *13.* | *Недела* | *Лука 21:36.* | *9 Свед., 18.* | *Откр. 13:8.* |
| *14.* | *Понеделник* | *Ефес. 6:18.* | *9 Свед., 19.* | *Откр. 13:9,10.* |
| *15.* | *Вторник* | *Фил. 4:6,7.* | *9 Свед., 20.* | *Откр. 13:11,12.* |
| *16.* | *Среда* | *Кол. 4:2-5.* | *9 Свед., 21.* | *Јаков 2:10,11.* |
| *17.* | *Четврток* | *1 Сол. 5:17-20.* | *9 Свед., 22.* | *Јаков 2:12,13.* |
| *18.* | *Петок* | *Матеј 6:5-8.* | *Сонцето заоѓа во 20 11* | |
| *19.* | *Сабота* | *Дела 13:14,15.* | *Сонцето заоѓа во 20 12* | |
| *20.* | *Недела* | *Марко 11:24,25.* | *9 Свед., 23.* | *Јаков 1:21,22.* |
| *21.* | *Понеделник* | *Лука 11:5-10.* | *9 Свед., 24.* | *Јаков 2:8,9.* |
| *22.* | *Вторник* | *Јован 14:12-14.* | *9 Свед., 25.* | *Исаија 59:14.* |
| *23.* | *Среда* | *Јован 15:7,8.* | *9 Свед., 26.* | *Ис. 59:15,16.* |
| *24.* | *Четврток* | *Рим. 12:9-12.* | *9 Свед., 27.* | *Исаија 59:14.* |
| *25.* | *Петок* | *2 Кор. 12:7-9.* | *Сонцето заоѓа во 20 13* | |
| *26.* | *Сабота* | *Дела 13:26-28.* | *Сонцето заоѓа во 20 13* | |
| *27.* | *Недела* | *Евреите 4:15,16.* | *9 Свед., 28.* | *Исаија 24:4,5.* |
| *28.* | *Понеделник* | *1 Пет. 4:7,8.* | *9 Свед., 29.* | *1 Цар. 18:17,18.* |
| *29.* | *Вторник* | *1 Јов. 3:20-22.* | *9 Свед., 30.* | *1 Цар. 18:21.* |
| *30.* | *Среда* | *1 Јов. 5:13-15.* | *9 Свед., 31.* | *Исаија 8:20.* |

# Доброволен дар во првата сабота



**3. април**
**За шпанската песнарка**
(страна 4)



**1. мај**
**За мисиите во светот**
(страна 25)




**5. јуни**
**За централата во ДР Конго**
(страна 51)